1.12 Објектите и повеќеетажните гаражи, можат да бидат изградени и опремени со атестерани и верифицирани од овластено правно лице технички системи за паркирање, како што се касетните, ќелиските платформските и други соодветни технички системи.
Изборот на системот за паркирање, поединечно за секоја градежна парцела, ќе се дефинира со идеен проект.

1.13 Местоположбата на плнираните трафостаници ќе се додефнинираат со изготвување на идеен проект одкако се добиат сите потребни насоки и мислења од надлежната институција ЕВН-ЕСМ.

1.14 Површините за движење на пешаците кои се планираат во урбанистичките планови: тротоари, пешачки улици, пешачки патеки, секаде каде што тоа карактеристиките на теренот го дозволуваат, мора да се со континуирана нивелета без скалести денивелации со подолжен наклон од најмногу 8,33%.

Режимското опслужување на поедини градежни целини кое треба да се одвива преку партерно уредени простори не смее да го наруши интегритетот и амбиентот на обликувањето на просторот.
Режимското опслужување на објектите е дефиниран во графичкиот прилог –сообраќаен план,составен дел на елаборатот

1.15 Подземните паркинзи планирани во предметниот плански опфат ќе бидат решени согласно член 60 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ", број142/10, 64/11 и 98/11).

1.16 Дислокација на магистралните и секундарните водови од комунална инфраструкутра со извод од ДУП, ќе се издаваат на претходно изработени и ревидирани проекти од Јавните комунални претпријатијаво чија надлежност се.

1.17 Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес како јавно осветлување, градски часовници, табли со имиња на улиците и сл.

1.18 Партерното уредување во рамките на регулацијата на околните простори околу градежните парцели, требе да се дефинираат преку архитектонско- урбанистички проект, спроведен од надлежни органи.

1.19 Со проект на инфраструктура можно е да се пререши сообраќајната површина на улиците "2ра Македонска Бригада" и ул.Кемал Сејфула".

1.20 Процентот на озеленетост во рамките на градежната парцела претставува однос помеѓу површината на градежно земјиште наменето за зеленило и вкупната површина на градежното земјиште изразено во проценти.
Процентот на озеленетост за планираните објекти во градежните парцели што не се парцела-објекти или кој што се со висок процент на изграденост, во рамките на истите минимум е потребно да изнесува од 5-10%.
Оваа планска одредба станува составен дел на условите за градење.

1.21 Условите за градење на станбените и другите видови на објекти, треба да содржат и посебните услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефонија и одводнувањето на отпадните води.

1.22 Задолжително планирање и почитување на мерките за заштита и спасување при проектирањето во фаза на проектна документација, во функција на уредување на просторот. Во фаза на проектна документација да се побара мислење од Дирекција за заштита и спасување.

1.23 Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на планскиот опфат.

1.24 Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на управа на Општината. Локациите мораат да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите и уредени во согласност со оној што ќе го евакуира ѓубрето во регионална односно општинска депонија.

1.25 При примена на планските решенија на **Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Скопје Север, Централен дел – Исток Опфат "А", Општина Чаир - Скопје, плански период 2012-2017**, тоа што не е регулирано со овие параметри, се применуваат стандардите и нормативите утврдени во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ бр78/06,140/07, 91/09, 142/10, 64/11, 98/11 и 169/11").

2. Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите за секоја урбанистичка единица за планирање чиишто граници се утврдени со планот

ОПФАТ 1

Класа на намена:
А2-Домување во станбени згради

За објектот во градежна парцела со бр. 1.02, со класа на намена А2-Домување во станбени згради се предвидува доградба на подкровје кое ќе биде дел од становите и притоа бројот на станови нема да се зголеми. При реализација на подкровјето да се задрчи постојната кота на венец, со цел да не се наруши естетскиот и архитектонскиот изглед на објектите.

Градежната парцела со бр. **1.04** со класа на намена А2-Домување во станбени згради се предвидува доградба на подкровје кое ќе биде дел од становите и притоа бројот на станови нема да се зголеми. При реализација на подкровјето да се задрчи постојната кота на венец, со цел да не се наруши естетскиот и архитектонскиот изглед на објектите.

Градежните парцели со бр. **1.03 и 1.06** со класа на намена А2-Домување во станбени згради се предвидува површина за градба со катност од П+7+Пк и висина на венец 25.20м.
На површината за градба во градежна парцела 1.03 се дозволува второстепена пластика од сите страни во која спаѓаат: еркери, балкони, конзоли, стреи, брисолеи и др. кои би се појавиле помеѓу првиот спрат и горниот венец не повеќе од 1,50м длабочина. Елементите на второстепената пластика не се појавуваат на фасадата на градбата најмалку 3,60м над котата на теренот. Дозволената второстепена пластика од сите страни на градата 1.03 не влегува во максималната бруто развиена површина.
За површините за градба во градежните парцели со бр. **1.03 и 1.06** предвидени се компатибилни класи на намена до 40% од вкупната бруто развиена површина и тоа: А4,Б1, Б2,Б4.

Паркирање: Паркирањето-гаражирањето се решава во склоп на градежната парцела со почитување на нормативите од член 61 став (1) од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (*Службен весник на РМ бр. 142/10, 64/11, 98/11 и 169/11*). Обезбедување на потребниот број на паркинг места е основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. При решавањето на подземни паркиралишта подолжниот наклон, ширината и радиусот на рампите да биде во согласност со член 60 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (*Службен весник на РМ бр.142/10, 64/11, 98/11 и 169/11*).
Класа на намена:

Е2-Комунална супраструктура – ГП 1.07 и ГП 1.08 – трафостаница

	нумерација на градежна парцела	намена на површини	компатибилна класа на намена	максимална височина на градење	катност	површина на градежна парцела	максимална површина за градба	максимална бруто развиена површина	потребен бр. на паркинг места	процинета изграденост %	коефициент на искористеност
	1.02	А2	/	*	П-3+Пк	3757м2	496м2	2480м2	Согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/10, 64/11, 98/11, 169/11 и 45/12)	13,2%	0,66
	1.03	А2	А4,Б1,Б2,Б4 до 40%	Н=25,20м	П+7+Пк	2866м2	1332м2	11990м2		46,5%	4,18
	1.04	А2	/	*	П+8+Пк	2923м2	509м2	5092м2		17,4%	1,74
	1.06	А2	А4,Б1,Б2,Б4 до 40%	Н=25,20м	П+7+Пк	2008м2	658м2	5925м2		32,8%	2,95
	1.07	Е2	/	Н=4,00м	П	37м2	17м2	17м2		44,4%	0,44
	1.08	Е2	постојка трафостаница		П	79м2	17м2	17м2		21,0%	0,21
ВКУПНО						11671м2	3029м2	25521м2		26,0%	2,19

KOMUNA E ÇAIRIT

ОПШТИНА ЧАИР

SEKTORI PËR URBANIZËM, ÇËSHTJE KOMUNALE DHE MBROJTJE TË MJEDISIT JETËSOR
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Nr./Бр. 11-1/207-2 prej/од 18.06.2026 г.

ÇERTIFIKATË E PDU- ИЗВОД ОД ДУП

PDU / ДУП: :*„SHKUP-VERI„-PJESA QËNDRORE-VERI*

:*„СКОПЈЕ-СЕВЕР„- ЦЕНТРАЛЕН ДЕЛ -ИСТОК*

Vendimi/ Одлука nr .бр.: ***07-698/4***

nga data / од : ***29.05.2006***

Dedikimi i ndërtimit / Намена на градба:
/

Moduli urban /Урбан Модул : /
Parc.ndërtimore /Град.парцела: /

RR./Ул: / **Nr. Бр. /**

KK /КО: Чаир **PK ,КП: /**

FD / ДЛ:109 **M = 1:1000**

TREGUESI GRAFIK PËR PARCELËN NDËRTIMORE:
ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА :

´TË DHËNAT E PËRGJITHSHME URBANISTIKE – ARKITEKTONIKE
ОПШТИ УРБАНИСТИЧКО - АРХИТЕКТОНСКИ ПОДАТОЦИ

- Dedikimi /
- Намена /

- Siperfaqja e lokacionit
- Површина на локација /

- Sipërfaqja për ndërtim
- Површина за градба: /

- Sipërfaqja bruto e zhvilluar
- Бруто развиена површина /

- Lartësia maksimale e lejuar deri te kurora
- Макс. Висина до венец: /

- Përqindja për ndërtim
- Процент на изграденост /

- Koeficienti shfrytëzyeshmërisë
- Коефициент на искористеност /

- Kushtet e komunikacionit
- Сообраќајни услови: /

Në bazë të këtyre të dhënave urbanistike-arkitektonike, është e nevojshme që të përpilohet projekt bazë për objektin në pajtim me dedikimin që është caktuar me plan, i cili është i nevojshëm për marrjen e Lejes për ndërtim.

Според овие урбанистичко-аритектонски податоци потребно е да се изготви основен за градбата согласно намената утврдена со планот кој е потребен за добивање на одобрение за градење.

Në pajtueshmëri me nenin 15,pika 1, nga Ligji për taksa administrative (“Gazeta zyrtare e RM” nr. 6/2010, 145/10, 17/11, 84/12),Organet Shtetërore janë të liruar nga pagesat e taksave administrative.

Согласно членот 15, точка 1, од Законот за административни такси (,,Службен весник на РМ,, бр. 6/2010, 145/10, 17/11, 84/12), Државните органи се ослободени од плаќање на административна такса.

Grafikisht përpiloi
Графички изготвил:
Jeton Nevzadi, I.D.A

Udhëheqës/ Раководител

Xhengis Hani

_____ _____

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ ПО ПАРЦЕЛИ И УРБАНИ МОДУЛИ

број на парцела	класа на намена	површина на парцела м2	површина за градба м2	бруто развиена површина	мах.висина	процент на изграденост %	коефициент на искористеност к	потребен број на паркинзи
УРБАН МОДУЛ 1								
1,1	ЗОД	2747	514	2570	П+3+Пк *	19	0,9	26
1,2	ЗОД	4596	499	1996	П+3 *	11	0,4	20
1,3	ЗОД	2857	630	3150	16,2	22	1,1	32
1,4	ЗОД	3531	510	4590	П+8 *	14	1,3	46
1,5	ЗОД	2477	484	1936	П+3 *	20	0,8	19
1,6	ЗОД	2039	653	3265	16,2	32	1,6	33
вкупно		**18247**	**3290**	**17507**		**18**	**1,0**	**175**
УРБАН МОДУЛ 2								
2,1	ЗОД	2395	550	2750	П+4*	23	1,1	28
2,2	ЗОД	2441	469	1876	П+3*	19	0,8	19
2,3	ЗОД	2291	630	3150	16,2	27	1,4	32
вкупно		**7127**	**1649**	**7776**		**23**	**1,1**	**78**
УРБАН МОДУЛ 3								
3,1	ЗОД	1525	615	2460	13,2	40	1,6	25
3,2	ЗОД	2207	521	2605	П+4*	24	1,2	26
вкупно		**3732**	**1136**	**5065**		**30**	**1,4**	**51**
УРБАН МОДУЛ 4								
4,1	ЗОД	1535	608	2432	13,2	40	1,6	24
4,2	ЗОД	2148	517	2068	П+3*	24	1,0	21
вкупно		**3683**	**1125**	**4500**		**31**	**1,2**	**45**
УРБАН МОДУЛ 5								
5,1	ЗОД	2243	510	4590	П+8 *	23	2,0	46
5,2	ЗОД	1345	486	1944	13,2	36	1,4	19
5,3	ЗОД	1981	517	2068	П+3*	26	1,0	21
5,4	ЗОД	2843	630	3150	16,2	22	1,1	32
5,5	ЗОД	2948	509	4581	П+8 *	17	1,6	46
5,6	ЗОД	2204	520	2080	П+3 *	24	0,9	21
5,7	ЗОД	2164	649	3245	16,2	30	1,5	32
вкупно		**15728**	**3821**	**21658**		**24**	**1,4**	**217**
УРБАН МОДУЛ 6								
6,1	ЗОД	2438	572	2860	П+4*	23	1,2	29
6,2	ЗОД	2424	513	2565	П+3+Пк *	21	1,1	26
6,3	ЗОД	2208	630	3150	16,2	29	1,4	32
вкупно		**7070**	**1715**	**8575**		**24**	**1,2**	**86**
УРБАН МОДУЛ 7								
7,1	ЗОД	1415	572	2288	13,2	40	1,6	23
7,2	ЗОД	2251	539	2695	П+4*	24	1,2	27
вкупно		**3666**	**1111**	**4983**		**30**	**1,4**	**50**
УРБАН МОДУЛ 8								
8,1	ЗОД	2498	780	3900	16,2	31	1,6	39
8,2	КО-БП	3219	993	1986	6,8	31	0,6	20
8,3	КО	3448	2050	4100	6,8	59	1,2	82
8,4	ЗОД	1373	507	2535	16,2	37	1,8	25
8,5	ВО	1695	763	763	6,8	45	0,5	15
8,6	ЗОД	4464	1443	7215	16,2	32	1,6	72
вкупно		**16697**	**6536**	**20499**		**39**	**1,2**	**254**
УРБАН МОДУЛ 9								
9,1	КО	9785	5711	17133	10,0	58	1,8	343
9,2	КДУ-СЗ	3150	1202	2404	6,8	38	0,8	24
9,3	ПТТ	2808	530	1624	П+1/П+3 *	19	0,6	32
9,4	ЗОД	4691	583	4664	П+7 *	12	1,0	47
9,5	ЗОД	3083	936	4680	16,2	30	1,5	47
9,6	ЗОД	1954	592	2960	16,2	30	1,5	30
9,7	ЗОД	2701	806	4030	16,2	30	1,5	40
вкупно		**28172**	**10360**	**37495**		**37**	**1,3**	**563**
УРБАН МОДУЛ 10								
10,1	ЗОД	3562	902	4510	16,2	25	1,3	45
10,2	ЗО - КК	3830	1260	6300	16,2	33	1,6	63
10,3	ЗО - КК	2652	720	3600	16,2	27	1,4	36
10,4	ЗО - КК	3063	720	3600	16,2	24	1,2	36
10,5	ЗОД	3328	695	3475	16,2	21	1,0	35
10,6	ЗОД	2492	696	3480	16,2	28	1,4	35
вкупно		**18927**	**4993**	**24965**		**26**	**1,3**	**250**
УРБАН МОДУЛ 11								
11,1	ЗОД	1096	333	1665	16,2	30	1,5	17
11,2	ЗОД	699	282	1410	16,2	40	2,0	14
11,3	ЗОД	864	257	1285	16,2	30	1,5	13
11,4	ЗОД	966	304	1520	16,2	31	1,6	15
11,5	ЗОД	996	394	1970	16,2	40	2,0	20
11,6	ЗОД	964	254	1270	16,2	26	1,3	13
вкупно		**5585**	**1824**	**9120**		**33**	**1,6**	**91**
УРБАН МОДУЛ 12								
12,1	ЗОД	2555	792	3960	16,2	31	1,5	40
вкупно		**2555**	**792**	**3960**		**31**	**1,5**	**40**
УРБАН МОДУЛ 13								
13,1	ЗОД	3509	1100	5500	16,2	31	1,6	55
13,2	ЗОД	4320	1327	6635	16,2	31	1,5	66
вкупно		**7829**	**2427**	**12135**		**31**	**1,6**	**121**
УРБАН МОДУЛ 14								
14,1	ЗОД	1345	386	1930	16,2	29	1,4	19
14,2	ЗОД	1321	491	2455	16,2	37	1,9	25
14,3	ЗОД	1423	404	2020	16,2	28	1,4	20
14,4	ЗОД	1363	382	1910	16,2	28	1,4	19
14,5	ЗОД	1328	510	2550	16,2	38	1,9	26
14,6	ЗОД	1150	308	1540	16,2	27	1,3	15
вкупно		**7930**	**2481**	**12405**		**31**	**1,6**	**124**
УРБАН МОДУЛ 15								
15,1	ЗОД	3798	1240	6200	16,2	33	1,6	62
15,2	ЗОД	2627	841	4205	16,2	32	1,6	42
15,3	ЗОД	4453	1201	6005	16,2	27	1,3	60
УРБАН МОДУЛ 16								
16,1	ЗОД	3846	1170	5850	16,2	30	1,5	59
16,2	ЗОД	5087	1290	6450	16,2	25	1,3	65
16,3	ОУ	9717	3210	9630	9,0	33	1,0	20
16,4	ЗОД	5336	1574	7870	16,2	29	1,5	79
вкупно		**23986**	**7244**	**29800**		**30**	**1,2**	**222**
УРБАН МОДУЛ 17								
17,1	ЗОД	2782	607	1821	П+2 *	22	0,7	18
17,2	ЗОД	2272	607	1821	П+2 *	27	0,8	18
17,3	ЗОД	3134	607	1821	П+2 *	19	0,6	18
вкупно		**8188**	**1821**	**5463**		**22**	**0,7**	**55**
УРБАН МОДУЛ 18								
18,1	ЗОД	2805	466	1864	П+3 *	17	0,7	19
18,2	ЗОД	1646	516	2580	16,2	31	1,6	26
18,3	ЗОД	3283	491	4419	П+8 *	15	1,3	44
18,4	ЗОД	1369	530	2120	13,2	39	1,5	21
вкупно		**9103**	**2003**	**10983**		**22**	**1,2**	**110**
УРБАН МОДУЛ 19								
19,1	ЗОД	2529	361	2166	П+5 *	14	0,9	22
19,2	ЗОД	3357	688	3440	П+4 *	20	1,0	34
19,3	ЗОД	2723	713	4278	П+5 *	26	1,6	43
19,4	ЗОД	2873	560	2800	П+4 *	19	1,0	28
19,5	ЗОД	4432	1447	7235	16,2	33	1,6	72
19,6	ЗОД	3242	995	4975	16,2	31	1,5	50
19,7	ЗОД	2635	726	3630	16,2	28	1,4	36
19,8	ЗОД	2900	847	4235	16,2	29	1,5	42
вкупно		**24691**	**6337**	**32759**		**26**	**1,3**	**328**
УРБАН МОДУЛ 20								
20,1	ЗОД	1218	489	1956	13,2	40	1,6	20
20,2	ЗОД	2672	395	3555	П+8 *	15	1,3	36
20,3	ЗОД	2044	496	1984	П+3 *	24	1,0	20
вкупно		**5934**	**1380**	**7495**		**23**	**1,3**	**75**
УРБАН МОДУЛ 21								
21,1	КДУ-СЗ	5682	1876	3752	6,8	33	0,7	38
вкупно		**5682**	**1876**	**3752**		**33**	**0,7**	**38**
УРБАН МОДУЛ 22								
22,1	ЗОД	2135	554	2770	16,2	26	1,3	28
22,2	ЗОД	2394	437	2185	П+4 *	18	0,9	22
22,3	ЗОД	2192	452	1808	П+3 *	21	0,8	18
22,4	ЗОД	1488	552	2208	13,2	37	1,5	22
22,5	ЗОД	3435	607	1821	П+2 *	18	0,5	18
22,6	ЗОД	2107	607	1821	П+2 *	29	0,9	18
22,7	ЗОД	3224	607	1821	П+2 *	19	0,6	18
22,8	КО	5007	2537	10148	13,2	51	2,0	203
вкупно		**21982**	**6353**	**24582**		**29**	**1,1**	**347**
УРБАН МОДУЛ 23								
23,1	ЗОД	2419	505	4545	П+8 *	21	1,9	45
23,2	ЗОД	1387	493	1972	13,2	36	1,4	20
вкупно		**3806**	**998**	**6517**		**26**	**1,7**	**65**
УРБАН МОДУЛ 24								
24,1	ЗОД	2595	474	4266	П+8 *	18	1,6	43
24,2	ЗОД	2355	630	3150	16,2	27	1,3	32
24,3	ЗОД	2094	448	1792	П+3 *	21	0,9	18
вкупно		**7044**	**1552**	**9208**		**22**	**1,3**	**92**
УРБАН МОДУЛ 25								
25,1	ЗОД	2172	462	1848	П+3 *	21	0,9	18
25,2	ЗОД	3182	654	3270	П+4*/16,2	21	1,0	33
25,3	ЗОД	2987	511	2044	П+3 *	17	0,7	20
25,4	ЗОД	2289	668	3340	16,2	29	1,5	33
25,5	ЗОД	2721	964	4820	16,2	35	1,8	48
вкупно		**13351**	**3259**	**15322**		**24**	**1,1**	**153**

ГРАНИЦА НА УРБАН БЛОК 35.15 ха

ГРАНИЦА НА УРБАН МОДУЛ

ГРАНИЦА НА УРБАНИСТИЧКА ПАРЦЕЛА

РЛ — РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА

ГЛ — ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА

M1 — ОЗНАКА НА УРБАНИСТИЧКИ МОДУЛ

1.1, 1.2, ... — НУМЕРАЦИЈА НА ОБЈЕКТИ

Нмах=...м — ВИСИНА НА ОБЈЕКТИ ДО ГОРЕН ВЕНЕЦ (м')

П+3*,... — ПОСТОЈНА ВИСИНА НА ОБЈЕКТИ

ЗОД — ЗАЕДНИЧКИ СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР

ЗОД — ЗАЕДНИЧКИ СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР - ПОСТОЈНА

ЗО- КК — ЗАЕДНИЧКИ СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ - КОМЕРЦИЈАЛЕН КОРИДОР

ОУ — ОБРАЗОВАНИЕ - ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ

КДУ-СЗ — КОМБИНИРАНА ДЕТСКА УСТАНОВА - СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

ПТТ — ПОШТА

ВО — ВЕРСКИ ОБЈЕКТ - ЏАМИЈА

КО — КОМЕРЦИЈАЛНИ ОБЈЕКТИ

КО-БП — КОМЕРЦИЈАЛНИ ОБЈЕКТИ - БЕНЗИСКА ПУМПА

НОВОПРЕДВИДЕНА ТРАФОСТАНИЦА

ПОСТОЈНА ТРАФОСТАНИЦА

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

СКОПЈЕ СЕВЕР

Централен Дел - Исток

Општина Чаир - Скопје

ПЛАНИРАН РАЗВОЈ 2006 - 2011

N 142 ‰ NE 120 ‰ E 56 ‰ SE 114 ‰ S 82 ‰ SW 37 ‰ W 74 ‰ NW 81 ‰ 423

СИНТЕЗЕН ПРИКАЗ

- НАМЕНА НА ПОВРШИНИ И ОБЈЕКТИ
- ПЛАН НА ПОВРШИНА ЗА ИЗГРАДБА И ВИСИНСКИ ПЛАН
- ПЛАН НА ПАРЦЕЛАЦИЈА

2

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ ПО УРБАНИ МОДУЛИ

број на урбан модул	класа на намена	површина на парцела м2	површина за градба м2	бруто развиена површина	мах.висина	процент на изграденост %	коефициент на искористеност к	потребен број на паркинзи ЗО
УРБАН МОДУЛ								
У.М.1		18247	3290	17507		18	1,0	175
У.М.2		7127	1649	7776		23	1,1	78
У.М.3		3732	1136	5065		30	1,4	51
У.М.4		3683	1125	4500		31	1,2	45
У.М.5		15728	3821	21658		24	1,4	217
У.М.6		7070	1715	8575		24	1,2	86
У.М.7		3666	1111	4983		30	1,4	50
У.М.8		16697	6536	20499		39	1,2	254
У.М.9		28172	10360	37495		37	1,3	563
У.М.10		18927	4993	24965		26	1,3	250
У.М.11		5585	1824	9120		33	1,6	91
У.М.12		2555	792	3960		31	1,5	40
У.М.13		7829	2427	12135		31	1,6	121
У.М.14		7930	2481	12405		31	1,6	124
У.М.15		10878	3282	16410		30	1,5	164
У.М.16		23986	7244	29800		30	1,2	222
У.М.17		8188	1821	5463		22	0,7	55
У.М.18		9103	2003	10983		22	1,2	110
У.М.19		24691	6337	32759		26	1,3	328
У.М.20		5934	1380	7495		23	1,3	75
У.М.21		5682	1876	3752		33	0,7	38
У.М.22		21982	6353	24582		29	1,1	347
У.М.23		3806	998	6517		26	1,7	65
У.М.24		7044	1552	9208		22	1,3	92
У.М.25		2721	964	4820		35	1,8	48
вкупно		**270963**	**77070**	**342432**		**28**	**1,3**	**3687**

А.Д. ЗА УРБАНИЗАМ ,АРХИТЕКТУРА И ИНЖЕНЕРИНГ "ЗУАС" - СКОПЈЕ

ЗУАС ТЕЛЕФОНИ : 361-671; 363-024; ТЕЛЕФАКС : 364-011 ЖИРО СМЕТКА: 27000000104453

БУЛЕВАР ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ 89 91000 - СКОПЈЕ ПОШ. ФАХ 559

ИНВЕСТИТОР: ОПШТИНА " ЧАИР " - СКОПЈЕ

ОБЈЕКТ: СКОПЈЕ СЕВЕР - ЦЕНТРАЛЕН ДЕЛ - ИСТОК

ФАЗА: ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН - ПРЕДЛОГ ПЛАН -

ЦРТЕЖ: СИНТЕЗЕН ПРИКАЗ

РАЗМЕР: 1:1000

ТЕХНИЧКИ БРОЈ: 1431/05

ДАТА: МАЈ 2006

ПРОЕКТАНТИ: М-р. О.ДЕЛИЦАКОВА КЛЕТНИЧКА Лиценца бр. 13/1 М.КОСТОВСКА дипл.инж. арх.

КОНСУЛТАНТ: Ц.ЕДИП дипл. инж.арх.

РАЗРАБОТИЛЕ: С. ЛАЗАРЕВСКА арх.тех.

ПРЕДСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОДБОР, JANKO JOVANOVSKI дипл.ел.инж.

3. Просторен концепт
3.1. Општи поставки

Тргнувајќи од основните цели и задачи за изготвување на флексибилен план, со интензивирање на користење на просторот се оформуваат урбанистички парцели со простори за градба кои го дефинираат просторот. Урбанистичките парцели одат или по постојната граница или се формирани со логична поделба на просторот. За секоја од урбанистичките парцели се предвидува поставување на површини за градба.

Со просторниот концепт воглавно се задржува постојната сообраќајна мрежа, а се врши корекција во ширината на сообраќајниците заради почитување на важечката законска регулатива за безбедност на сообраќајот и почитување на ГУП 2002.

Со поставувањето на градежните линии, односно со овормувањето на просторот за градба се дава можност за градба во оформената сопствена парацела, или во новоформираната.

Длабочината на површината на градба е дадена во зависност од длабочините на парцелите, односно површината на просторот за градба е во зависност од површината на парцелата.

Максималната висина на објектите се дадени како максимално можни во зависност од просторните можности, а тоа се:

- ширината на урбанистичкиот профил на сообраќајниците, односно растојанието од градежна до градежна линија;
- ширината на урбанистичката парцела;
- процентот на изграденост;
- коефициентот на искористеност
- можноста за решавање на паркирање во сопствена парцела.

Површините за градба се дадени со градежни линии, како во однос на улиците, регулационата линија така и со ширината на просторот за градба.

Градежнителинии, како во однос на регулационата линија, т.е. осовината на улиците како и во однос на целата површина за градба се многу битни за овозможување на солидни, хигиенски станови што подразбира природно светло и во приземјето, минимално осончување, како и ветрење на просториите.

Покрај регулационите, градежните линии и максималните висини на објектите главен услов е решавање на паркирањето на секој објект во својата парцела, а тоа подразбира решавање на влез во парцелата на ниво на приземје.

Со окрупнувањето на парцелите се добиваат поквалитетни можности за градба што подразбира помалку влезови во приземјето и порационално решавање на паркирањето во едно или две нивои, кое е овозможено со просторниот концепт.

3.2. Намена на просторот и организација

Намената на просторот опфатен со ДУП е домување, домување со деловен, образование, основно образование, социјална заштита – градинка, јавна функција – ПТТ, комерцијално деловни објекти и верски објект.

Организационо просторот е поделен на повеќе урбанситички модули М1, М2, М3, М4, М5, М6, М7, М8, М9, М10, М11, М12, М13, М14, М15, М16, М17, М18, М19, М20, М21, М22, М23, М24 и М 25. Истите се поделени на урбанистички парцели по постојни или новоформирани граници.

Намената на сите урбанистички парцели во согласност со ГУП – 2002 год.

Предвидените површини за градба се дадени со регулациони и градежни линии во однос на улиците, со градежни линии во внатрешноста на парцелите и висини во метри на горниот венец.

Предвидените површини за градба се максимално можни површини, врз основа на кои се дадени билансите за планираните капацитети на деловни содржини и домување, како и бројот на жители.

Со дадените градежни линии односно дозволени граници на изградба, со класите на намена сообраќајниците и другите услови за секоја парцела се овозможува максимална површина на градба.

Планираната парцелација е со максимално почитување на постојната катастарска парцелација, но и со предвидување на новоформирани порцели. Овој концепт предвидува максимален број на парцели во рамките на дефинираните граници на урбаниот модул, со можност за поединечна или интегрална градба од еден или повеќе инвеститори. Со ова се овозможува значителна флексибилност во изградбата и уредувањето на просторот.

За да се постигне поголема флексибилност на планот и прилагодување на темпото на промени се одредуваат класи на сродни содржини што подразбира поголема слобода во одредување на намените на површини во сите фази од реализација на планот.

Класите на намени воспоставени за потребите на овој план ја отсликуваат глобалната потреба за содржини во конкретниот простор на овој локалитет.

Просторниот концепт предложен со планот се темели врз дооформувањето на веќе препознатливата слика на населбата Скопје Север – Јужен дел..

Основна намена на овој простор е (ЗОД) домување со деловен простор, каде во најголем процент урбанистичките парцели се новоформирани со поставување на нови простори за градба. Максималната висина до кота на венец на новопредвидените простори за градба се 16,20 м.

Висината на објектите зависи од местоположба на објектите кој треба да ги задоволи хигиено-техничките услови. Во приземјето на овие објекти се предвидува деловен простор. Максимални от коефициент на искористеност на земјиштето 2.

Сем домување како основна функција на просторот опфатен со ДУП се предвидува образование – основно образование, постојна состојба, социјална заштита – реализиран објект, комерцијални објекти (КО) постојниот пазар, и новоформирана урбанистичка парцела со предвиден простор за комерцијални содржини.

Во непосредна близина на пазарот, односно комерцијалните содржини се предвидува простор за изградба на верски објект.

На крајниот јужен дел на просторот со намена заеднички стамбени објекти со деловен простор (ЗОД) постојна состојба се потврдува во ДУП со оформување на урбанистичка парцела.

Во однос на зелените површини:

- Јавни зелени површини се предвидени како линеарно зеленило по должина на булеварите.
- Зелени површини во склоп на секоја урбанистичка парцела поединачно.

Како главна функција во урбаниот опфат кој ги поврзува сите содржини е сообраќајот.

Сообраќајната мрежа која го опслужува локалитетот, а е третирана со ГУП на град Скопје од 2002 година во планот е внесена согласно наведениот ГУП. Останатата сообраќајна мрежа која го опслужува урбаниот опфат е планирана и димензионирана според важечките сообраќајно-технички прописи и нормативи.

Стациониранот сообраќај, паркирањето се решава во рамките на сопствената урбанистичка парцела, а капацитетот и потребите од паркинг просторот ќе бидат глобално презентирани во рамките на сопствената урбанистичка парцела според законските нормативи.

4.Поделба и нумерација на урбани модули

Во просторот кој е предмет на овој план локалитет за Скопје Север Централен дел – Исток, општина Чаир – Скопје, се планира со 25 урбанистички модули, односно урбанистички модул М1; М2; М3, М4, М5, М6, М7, М8, М9, М10, М11,М12,М13,М14,М15,М16,М17,М18,М19,М20,М21,М22,М23,М24,М25.

5. Намена на површини

Како основна слика на предложениот просторен концепт е планирање на заеднички стамбени објекти односно класа на намена .

На североисточната страна на просторот каде се постојните заеднички стамбени објекти се формираат нови урбанситички парцели со простор за градба заеднички стамбени објекти со деловен простор (ЗОД).

Во граници на урбаниот опфат егзистира, а со планот се задржува во постојна граница на парцела и постојна намена – постојниот заеднички стамбен објект со деловен простор (ЗОД).

Освен домувањето односно заеднички стамбени објекти со деловен простор како доминантна намена на простор, во опфатот се наоѓаат и следните класи на намена.

(ЗО-КК) Заеднички стамбени објекти со концепциален социјален коридор.

Основно училиште (ОУ) – класа на намена образование, објект во постојна состојба.

Две комбинирани детски установи (КДУ - СЗ) – класа на намена социјални објекти.

Комерцијални објекти (КО) – деловни содржини во кои влегува просторот на постојниот пазар и во негова близина новопредвиден простор за комерцијално деловни содржини.

Јавни функции (ПТТ) пошта на крајниот југоисточен дел во постојна состојба.

(ВО) Верски објект во рамките на урбаниот модул 8 на парцела со број 8.5.

Во параметрите за спроведување на планот; односно во билансните показатели по парцели и урбани модули дадени се 9.2. големина на површината за градба, максимална висина до кота на венец, процент на изграденост и коефициент на искористеност на земјиштето, во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот (Сл. весник на Р.М. бр. 2/02) и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот (Сл. весник на Р.М. бр. 50/03).

6. Елементи за заштита на животната средина

Просторот на локалтиетот со урбанистички модули М1; М2; М3,М4, М5, М6, М7, М8, М9, М10, М11, М12, М13, М14, М15, М16, М17, М18, М19, М20, М21, М22,М23,М24,М25. преставува средина, без особени со еколошки нарушувања, односно загадувачки извори.

Најголем загадувач на просторот на овој локалитет е сообраќајот што се одвива на ободните и внатрешните улици.

- во однос на домувањето треба да се запазат показателите за коефициентот на искористеност, процентот на изграеност како и дефинираната градежна линија.
- потреба од реализација на паркиралиштата со што ќе се намали загадување на воздухот и создавање на бука.
- озеленување на покрај сообраќајниците како заштитен појас, со цел заштита од бука и загадување на воздухот.
- озеленување на просторните околу објектите во рамките на секоја урбанистичка парцела поединачно, со цел подобрување на микроклимата на локалитетот.

7. Билансни показатели за урбан зафат

Урбанистички модули М1; М2; М3, М4, М5, М6, М7, М8, М9, М10, М11, М12, М13, М14, М15, М16, М17, М18, М19, М20, М21, М22, М23, М24, М25. – (Р = 35,15 ха.).

Ред. бр.	*Намена*	Вкупна изградена површина ($м^2$)	Вкупна површина на парцела	%
1.	**ЗОД** - Домување ЗОД – Домување и деловен простор • вкупно станови 2304 • број на жители 9216	277392	216907	61,7 %
2.	ЗО-КК Заеднички стамбени објекти со комерцијален коридор	13500	9545	2,7 %
3.	КО-Комерцијални објекти	31381	18240	5,2 %
4.	КО-БП Комерцијален објект со бензинска пумпа	1986	3219	0,9 %
5.	ПТТ-Јавни функции	1624	2808	0,8 %
6.	ОУ – Основно образование	9630	9717	2,8 %
7.	КДУ-СЗ – комбинирани детски установи – социјална заштита (две)	6156	8832	2,5 %
8.	ВО – верски објект	763	1695	0,5 %
9.	Сообраќај (коловоз, тротоари, бициклистички патеки, линеарно зеленило)		80537	22,9 %
	Вкупно:	**342432**	**351500**	**100,00**
	Бруто станбена густина 262 ж/ха. Процент на изграденост 28,00 % Коефициент на искористеност 1,3			

8. ИНФРАСТРУКТУРА

8.1.СООБРАЌАЈНО РЕШЕНИЕ

- ТЕХНИЧКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Се однесува на урбанистички локалитет кој во однос на граници на зафатот се наоѓа обиколен од следните сообраќајници усвоени од ГУП-от на град Скопје.

- Од јужна страна улица "Џон Кенеди" која по карактер – структура е собирна улица со попречен профил:

коловоз	14,0 м.
велосипедски патеки	2 x 2,5 м.
тротоари	2 x 3,0 м.
Вкупно:	25,0 м.

- од исток граница на опфат е улица "Цветан Димов" (улица "Ќемал Сејфула") која по карактер е исто така собирна улица со следна структура на профил:

коловоз	12,0 м.
тротоари со зеленило дрворед	2 x 3,0 м.
Вкупно:	18,0 м.

- од север граница на зафатот е улица "II-Македонска Бригада" која е исто така собирна улица со:

коловоз	10,0 м.
велосипедски патеки	2 x 2,0 м.
тротоари	2 x 3,0 м.
Вкупно:	20,0 м.

- од запад граница на опфатот е улица "Дижонска" која е станбена улица со:

коловоз	7,0 м.
тротоари	2 x 2,5 м.
Вкупно:	12,0 м.

Внатрешните улици во овој локалитет кој го формираат костурот на интерна сообраќајна мрежа во самиот урбан зафат го сочинуваат станбени улици кои се со следна структура на профил:

коловоз	5,5 – 6,0 м.
тротоари	2 x 1,5 м.
Вкупно:	8,5 – 9,0 м.

Овие улици формираат мрежа на станбени улици кои меѓусебно се поврзани и преку кои се одвива интерниот сообраќај со пристап и дистрибуција на главните сообраќајници од примарната мрежа односно собирните улици ("Џон Кенеди", "Цветан Димов" - Ќемал Сејфула", "II-Македонска Бригада" и "Дижонска").

Паркирање – стационарен сообраќај

Паркирањето е предвидено во склоп на планирани станбени објекти од колективно домување во ниво, при што планираните паркинзи се вклопуваат во и околу самите објекти за домување, со можност за пристап до паркинзите преку станбените улици.

Пристапот до самите паркинзи од станбените објекти се врши преку пешачки патеки и тротоари кои се предвидени околу паркинзите.

Вкрстосување во ниво на мрежата на интерни улици од самиот зафат со примарна сообраќајна мрежа е изведено во делот на улична мрежа со стандардни радиуси на кривини.

8.2. НИВЕЛМАНСКО РЕШЕНИЕ

Со изработка на ДУП Скопје Север – Централен дел – Исток во Општина Чаир – Скопје пристапено е кон изработка на нивелманското решение за истиот локалитет.

Локалитетот кој е предмет на изработка на нивелманското решение се наоѓа помеѓу улицата "Втора Македонска Бригада", улицата "Дижонска", улицата "Џон Кенеди" и улицата 'Кемал Сејфула". Во поголемиот дел на комплексот теренот е развничарски со исклучок на делот кај улицата ""Џон Кенеди""со улицата ""Дижонска" каде што се јавуваат поголеми подолжни падови од 5,37% на остнатите улици подолжните падови се движат во границите на дозволени од 0,3% до 4,7%.

Со вака предвидени подолжни падови на улиците се овозможува непречено одводнување на атмосферските води од површината на коловозот, паркинзите и тротоарите.

8.3. ВОДОСНАБДУВАЊЕ И КАНАЛИЗАЦИЈА

Со ДУП за локалитет "Скопје Север – Централен дел – "Исток" во рамките на планираниот зафат од $F_{шл.}$ = 35,15 ха, се планираат следните содржини: домување, домување и деловен простор, заеднички стамбени објекти со комерцијален коридор, комерцијални објекти, комерцијален објект со бензинска пумпа, комерцијален објект со социјална заштита, јавни функции – ПТТ, основно образование – основно училиште, социјална заштита – комбинирана детска установа и верски објект.

Се предвидуваат објекти со максимална висина на венецот на објектите $H_{мах.}$ = 16,20 м, а постојни објекти има со висина до П+8 ката.

Бројот на жители се предвидува на 9216

Бруто густина Gбр. = 262 ж/ха.

1. ВОДОСНАБДУВАЊЕ

Од анализата на постојната состојба за водоснабдување во предметниот локалитет, констатирано е дека водоснабдувањето се врши преку градска водоводна мрежа. Дел од главната водоводна мрежа поминува по улиците "Џон Кенеди" и "II Македонска Бригада" и тоа со профили на цевководите DN 250 и DN 200.

Секундарната водоводна мрежа се надоврзува на главната водоводна мрежа и е развиена претежно по постојната сообраќајна мрежа внатре во самиот комплекс.

Водоводните цевки од секундарната водоводна мрежа се со профили: DN 100, DN 80, No 51 и No 32 мм.

Постојната водоводна мрежа неопходно е да се прошири со планирана водоводна мрежа, а на одредени потези ќе треба да се изврши и реконструкција на постојната водоводна мрежа (тоа ќе се конкретизира со изработка на Основните решенија за хидротехничка инфраструктура).

Со планираните нови содржини на локалитетот како и со респектирање на постојните, потребно е во целост да се изведе циркулациона водоводна мрежа која ќе биде со профил DN ≥ 100 мм, која ќе задоволува и од аспект на водоснабдување со санитарна вода за потребите на луѓето и од аспект на противпожарна заштита.

Потребни количини на санитарна вода:

$$q_{мах/час.} = \frac{Nk.Qo.a_1.a_2}{24.60.60} \quad л/сек.$$

Nk = 9216 – планиран број на жители
Qo = 500 л/ж/ден. – водоснабдителна норма за население
a_1 = 1,5 – коефициент на дневна нерамномерност
a_2 = 1,3 – коефициент на часова нерамномерност.

$q_{мах/час.}$ = 104,00 л/сек.

Потребна противпожарна количина на вода:
$q_{пож.}$ = 20,00 л/сек.

За поливање на сообраќајници, зелени површини и др. ќе се користи технолошка вода од посебни изворници за таа намена.

2. КАНАЛИЗАЦИЈА

Со Основниот урбанистички план на град Скопје, усвоен е сепаратен систем на канализација т.е. посебни канали за фекални отпадни води и посебни канали за атмосферски отпадни води.

2.1. Фекална канализација

Одведувањето на фекалните отпадни води од постојните објекти се врши преку градска фекална канализација, која исто така е прикажана на прилог – ситуација со хидротехничка инфраструктура.

По улиците "Џон Кенеди", "Кемал Сејфула" и ул."II Македонска Бригада" се протега дел од примарната канализациона мрежа со профили на цевките Ф 400, Ф 350 и Ф 250. Исто така дел од примарната канализациона мрежа се протега и по југоисточниот дел по локалитетот со профил на цевките Ф 500.

Останатиот дел од каналската мрежа (секундарна канализација) е развиен по постојната улична мрежа и се состои од канализациони цевки со профил Ф 250 мм.

Постојната фекална канализациона мрежа не е доволна за задоволување на потребите, така да се наметнува потреба од изведување на секундарна каналска мрежа, која ќе го покрива целиот локалитет,по постојната и новопредвидената улична мрежа со профили на цевките Ф ≥ 250 мм.

Количинаа на отпадните фекални води ќе се пресметува како 80% од употребената вода, зголемена за 25% од инфилтрација на подземни води.

$$q_{фек.} = \frac{o,8.Nk.Qo.a_1.a_2}{86400} = 104,00 \text{ л/сек.}$$

2.2. Атмосферска канализација

Одведувањето на атмосферските отпадни води од улиците, кровните површини и други површини се врши преку постојната атмосферска каналска мрежа која исто така е прикажана на прилог ситуацијата од хидротехничката инфраструктура.

По улиците "Џон Кенеди", "Кемал Сејфула", и "II Македонска Бригада" се протега дел од главната канализациона мрежа со профил на канализационите цевки Ф 1000 Ф 900, Ф 800, Ф 500 и Ф 400 мм.

Секундарната каналска мрежа е развиена по постојната улична мрежа локалитетот и се состои од канализациони цевки со профили Ф 600, Ф 400 и Ф 300 мм.

Меѓутоа постојната атмосферска канализациона мрежа не е доволна, така да е потребно да се изведе и дополнителна секундарна канализациона мрежа која ќе го покрива целиот локалитет, по постојната и новопредвидената улична мрежа, со профили на цевките Ф ≥ 300 мм.

Количината на отпадните атмосферски (дождовни) води ќе се пресметува по рационалната метода усвоена со ОУП и е во функција на намената и големината на одредени површини по припаден слив.

$Q_{атм.} = F \cdot qi \cdot \Psi = 35,00 \cdot 110,0 \cdot 0,5 = 1925,0$ л/сек.

F - припадни сливни површини

qi - меродавен дожд (л/сек./ха).

Ψ - просечен коефициент на отечување

8.4. ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТИКА

Со изработка на Детален урбанистички план за локалитетот: 'Скопје Север Централен дел – Исток", изработено е и идејно решение за потребен број на трафостаници 10/0,4 k; 630 kVA,, во форма на локации во границите на локалитетот.

Димензионирањето на електричната мрежа, и потребата од едновремена ел. снага се определува према следните електроенергетски параметри:

I. ДОМУВАЊЕ

$P'en = fn' \cdot n \cdot Pe'$ (KW)

$f'n = f\sim' + \frac{1-f\sim'}{\sqrt{n}}$;

P'e - едновремена ел. снага за просечен стан (Pe' = 13,3 kW)
f~' - коефициент за едновременост на бесконачен број на станови (f~=0,185)
n - број на станови (n = 2304 – 934 постојни станови)
fn" - коефициент за едновременост за "n" станови
P'en - едновремена ел. снага за "n" станови

Вкупната едновремена ел. снага за домување изнесува:

Re'n = 6190 kW

II. ЈАВНИ ФУНКЦИИ

Потребната едновремена ел. снага за јавни функции се определува према нивната нето изградена површина и следните електроенергетски параметри:

- детска заштита,угостителство, туризам, ... 0,14 kW/m^2
- комерцијални објекти, трговија ..... 0,08 kW/m^2
- образование,административен простор ..... 0,07 kW/m^2

Потребната едновремена ел. снага за јавните функции изнесува :

Pejf = 2978 (KW)

Према овие критериуми, вкупната потребна едновремена ел. снага за локалитетот изнесува:

I.	За домување.....	P'en =	6.190 (kW)
II.	За јавни функции	Pej.f =	4.179 (kW)
	В к у п н о:	Pe =	10.369 (kW)

Врз основа на Деталниот урбанистички план, и направени анализи за потребна едновремена ел. снага, предложени се18 (осумнаесет) можни локации за нови трафостаници, (покрај 14 постојни трафостаници од кои 4 се дислоцираат), со можност во нив да се предвидат трансформатори со снага од 1000 kVA .

Постојната среднонапонска и нисконапонската ел. мрежа не може да го прифати оптоварувањето од новопредвидените објекти, и истата е потребна целосно да се реконструира.

Точниот број и точната локација на новопредвидените трафостаници во локалитетот ќе се определи во понатамошниот тек на изработка на техничката документација односно со изработка на Урбанистички проекти, идејни и главни проекти за ел. мрежа во локалитетот.

УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Новопредвидените сообраќајници во локалитетот, во поглед на светлотехничките карактеристики се класифицираат во следните класи:

- КЛАСА "А 2" (Б1) – главни градски сообраќајници
- КЛАСА "Б 2" (С) - споредни, локални сообраќајници
- КЛАСА "D" - паркинг простори.

Со следните светлотехнички параметри:

"А-2" (В-1)

- сјајност на коловозот	Lm = 2–3 cd/m^2
- просечна рамномерност	J Lm = 40 %
- висина на монтажа на светилките	H= 10-12 m.
- светлосен извор	NaVT= 250 (VTFE-400)
- начин на поставување	двореден.

"В-2" (С)

- сјајност на коловозот	Lm = 1–1,5 cd/m^2
- средна погонска осветленост	Esr = 15-25 Lx
- просечна рамномерност	jr = 40 %
- висина на монтажа на светилките	H = 8 (10) m.
- светлосен извор	VTFE= 250 W
- начин на поставување	еднореден.

"D" – паркинг простори

- средна погонска осветленост	Esr = 10-20 Lx
- просечна рамномерност	jr = 25 %
- висина на монтажа на светилките	H = 8 (10) м.
- светлосен извор	VTFE= 250 W
- начин на поставување	двореден.

8.4. ТЕЛЕФОНСКА МРЕЖА

Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе према принципот: стан-телефон, а за јавните содржини се определува према нивната големина (површина), функција, број на вработени и сл., а за трговско деловни објекти за секој локал по два телефонски приклучока, или на секои 100 м^2 по два телефонски приклучока.

Од ова произлегува дека во локалитетот е потребно да се обезбедат околу 3000 телефонски приклучоци за домување и околу 1100 телефонски приклучоци за јавни функции, односно вкупно околу 4100 телефонски приклучоци кој ќе се приклучат на најблиската автоматска реонска телефонска централа (ЧАИР).

8.5. ХОРТИКУЛТУРЕН ПЛАН

Зеленилото во склоп на домувањето да се реши со високо и ниско зеленило, односно трева и декоративни грмушки и парковското зеленило зимзелени и листопадни дрвја.

На сообраќајниците се предвидува да се засадат дрвореди. Зеленилото во склоп на урбанситичкиот зафват има повекекратна намена и тоа:

- зеленилото придонесува за уредување и оплеменување на просторот,
- зеленилото придонесува за подобрување на микроклиматските услови во населбата,
- зеленилото придонесува за заштита на животната средина.

За уредување на зеленилото потребно е просторот да се исчисти од шут и отпаден материјал ако е потребно да се насипе плодна земја, агротехнички обработи па потоа пристапи кон садење на тревата и високата вегетација.

Вегетацијата што се планира да се засади со дендролошката легенда треба да е расаднички школована со правилна оформена крошна и развиен коренов систем.

Организирани зелени површини за ниво на населбата има малку но се надокнадува со зелените површини во склоп на домувањето односно во внатрешноста на блоковите.

9. ПАРАМЕТРИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПЛАНОТ

9.1. Изградба на нови објкети во границите на урбан опфат, изградба на комунални објекти и инсталации, како и вкупното просторно, уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на урбанизмот и градежништвото, како и овие Параметри што се составен дел на овој план.

9.2. Во населбата, во рамките на зоната за домување, определена со урбанистички план, согласно законот, се организираат: урбани блокови, станбени објекти – структури со дворови.

Урбаните блокови за станбени објекти – структури со дворови, се наменети за организирање станбени објекти со поголем број станови со заеднички двор (блокови, кули, затворени или делумно затворени блокови, куќи поврзани во блок, терасасти и други структури).

9.3. Параметрите во донос на процентот на изграденост, како и коефициент на искористување на земјиштето се во рамките на дозволените параметри согласно Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот - член 15 и 16 (Сл. весник на Р.М. бр. 2/02) и член 4 и 3 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот.

Наведените параметри се дадени во табеларен приказ во „Синтезен графички прилог – намена на површини и објекти, планиран развој за секоја парцела поодделно.

9.4. Во урбанистичкиот план со градежни линии се ограничува максималната површина за изградба на објекти во рамките на урбанистичката парцела и се назначува растојанието од регулационта линија (главна – надворешна градежна линија), односно од границата на парцелата (помошни – внатрешни градежни линии).

9.5. При планирањето на максималната височина на содржините во урбанистичкиот план, се утврдува максималната височина во метри.

Височината на објект се определува од нивото на тротоарот односно сообраќајницата или пристапната патека (нулта кота) до завршниот венец на објектот (за рамни терени).

При планирањето, максималната височина на новопредвидените стамбени објекти – структури изнесува 16,20 метри. При утврдување на максималната височина на објектите, земено е едно ниво во стамбените објекти со максимална височина (конструктивна височина) 3 метри.

За станбените објекти котата на првото ниво во однос на теренот изнесува максимум 1,20 метри.

9.6. Висината на кровот во целост отстапува од максималната или дозволена висина на изградба. Таа се дефинира како висина на слеме (највисока точка на кровот) и се изразува во м'. Од оваа висина на слемето отстапуваат само линиските вертикални технолошки инсталации.

9.7. Висината на слемето на сите објекти опфатени со овој план е до 4,5 м' над максималната или дозволена висина на изградба.

9.8. На калканските ѕидови не може да се постават отвори – прозорци, светларници, вентилациони и инсталациони окна надвор од рамнината (градежната линија) на објектот.

9.9. Во архитектонското обликување на објектите покрај наменските, функционалните, климатските, геомеханичките, сеизмичките и другите микроклиматски услови треба да се води сметка за смецифичностите на прирачните градежни материјали, традиционалните вредности и културата во градењето. Порај императивните услови кои произлегуваат од дозволените граници на изградба во компонирање на фасадите треба да се тежнее кон нивно максимално усогласување со соседните објекти со композициски линии на соседите, но сепак со максимално почитување на индивидуалноста на сопствениците и креативноста на архитектот.

9.10. До секоја урбанистичка парцела се обезбедува посебен пристап со возило од улицата на која таа се евидентира.

9.11. Пешачките улици и тротоарите се обработуваат – поплочуваат со материјали кои јасно го раздвојуваат пешачкото движење од движењето на возилата. Максимално да се избегнува обработка на тротоарите со асфалт, а постојните асфалтирани тротоари постепено да се заменуваат со материјали кои немаат влијание врз животната средина.

Ивичниците кои го одвојуваат движењето на возилата од пешачкото движење да се планираат, проектираат и уредуваат со оборена ивица во однос на сообраќајницата.

9.12. При изработка на урбанистичките проекти за да се добие Одобрение за градба треба да се задоволат сите параметри пропишани со законот во рамките на урбанистичката парцела.

9.13. Согласно член 15, став 3 од Правилникот за уредување на просторот (Сл.весник на Р.М. бр. 2/02 и 50/03) според потребите на инвеститорот објектите може да се градат етапно, во рамките на површината за градење и предвидената максимална висина, при што решението треба да преставува урбанистичко архитетконска целина.

Проектната документација го преставува објектот во целина, согласно планската документација, со заеднички двор и заедничко паркирање.

Етапното градење може да биде по хоризонтала (со примена на надоврзување на ламели) или по вертикала (по нивои).

Сите здружени катастарски парцели во една урбанистичка парцела здружени во блок формираат заеднички двор и заедничко паркирање а само изведувањето на објектите може да биде етапно.

9.14. Оградувањето на урбанистичките парцели не се дозволува, заради оформување на заеднички површини за одмор и рекреација.

9.15. Се дозволува изградба на станбен потпокрив на постојните заеднички стамбени објекти со равен кров, заради заштита на истите, со габарит идентичен на постојниот.

ПАРАМЕТРИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИ ПАТИШТА

9.16. Сообраќајот кој го опслужува урбаниот опфат, а е третиран со ГУП на град Скопје од 2002 година во планот е презентиран согласно дадените смерници од наведениот ГУП.

Останатата сообраќајна мрежа во урбаниот опфат е планирана и димензионирана согласно член 32; 33 и 35 од Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот (Сл. весник на Р.М. бр. 2/02).

9.17. Паркирањето односно гаражирањето на автомобилите се решава во рамките на градежната парцела.

За определување на минимален број на паркиралишни места се применуваат следните нормативи(член 9 од Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот – сл. весник на Р.М. број 50/03).:

- за стамбени објекти, на 100 $м^2$ бруто површина – 1 паркинг место;
- за административно-деловни простори и трговија на 50 $м^2$ - 1 паркинг место;
- за магацини, индустрија на 120 $м^2$ 1 паркинг место;

9.18. Кога паркирањето на возилата се решава во затворен – гаражен простор под нивото на теренот (гаражи – паркинг) во рамките на урбанистичката парцела, според потребите на проектот може да се утврди подземна градежна линија, оддалечена минимум 1 метар од соседните урбанистички парцели.

9.19. Точната место положба на пристапните рампи за паркинг просторите под нивото на теренот ќе се утврди преку изготвени урбанистички архитектонски проекти на содржините во урбанистичките парцели, со задолжително почитување на законската регулатива.

ПАРАМЕТРИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ЗАСОЛНУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ

9.20. При планирање на објекти и содржини во рамките на урбанистичките планови за градските населби се предвидуваат локалитети за јавни засолништа, со користење на подземни премини, подземни паркиралишта и други простори.

Во планската документација засолништата треба да се третираат како двонаменски, со тоа што второстепена намена ќе биде засолнувањето. Во објектите треба да се предвиди можност за користење во услови на воена опасност на дел на визбените простории во функција на засолнување на населението.

9.21. При изработка на урбанистичките планови треба да се предвидуваат плански мерки за заштита од пожари, со планирање на сообраќајната мрежа за достапност до сите објекти или со организирање хидрантска мрежа за оптимално гасење на пожари.

ПАРАМЕТРИ ЗА ДВИЖЕЊЕ ЗА ХЕНДИКЕПИРАНИ ЛИЦА

9.22. При изработка на урбанистичкиот план треба да се предвидат плански мерки за создавање услови за непречено движење на инвалидизирани-хендикепирани лица.

Јавните пешачки површини, улиците, пристапите до јавните содржини и станбените блокови мора да бидат планирани и изведени на начин на кој ќе им овозможи на лицата кои користат инвалидски помагала или количка, инвалидски автомобил и други помагала (звучни сигнали за лицата со оштетен вид, светлосни сигнали за лицата со оштетен слух и сл.), нормално одвивање на секојдневните активности.

9.23. За совладување на помали висински разлики со инвалидска количка се изведуваат рампи.
Новопланираните градежни парцели ги опфаќаат постоечките катастарски парцели во кои веќе егзистира таа намена. Имајќи ги во предвид параметрите од нумеричките показатели од плановите од повисоко ниво, планираните површини за градење во рамки на градежните парцели се дефинирани на принцип на почитување на габаритите на постоечките градби, како и нормативите од член 40 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).
Планираната катност се вклопува во параметрите пропишани со Нумеричките показатели за Блок 04 согласно УПЧ ССИ 12 кадешто просечниот број на надземни нивоа за домување изнесува 3 и изнесува П+1+Пк (приземје, кат и поткровје).

- А2 - домување во станбени згради

Постоечките објекти со намена А2 се задржани со постоечки габарит и катност и соодветните градежни парцли се дефинрани со претходен детален план.
Новопланираните градежни парцели за намена А2се дефинирани согласно член 37 од ГУП на град Скопје 2012 и Планската програма, како дел од линиски центар кој опфаќа три градежни парцели на аголот од крстосницата на ул.„Христијан Тодоровски Карпош" и ул.„2-ра Македонска Бригада", од кои аголната парцела е со намена Б2-големи трговски единици, а останатите две со намена А2-домување во станбени згради.
За линискиот центар планирани се висини од П+11+Пк за делот кој припаѓа во зоната на линиски центар, и висини од П+5+Пк за делот вон оваа зона, и линискиот центар е сообраќајно издвоен од останатиот дел од опфатот.За приземјето на планираните објекти со намена А2, предвидена е намена Б-комерцијални и деловни намени во согласност со дозволениот процент на компатибилни намени.

Б - комерцијални и деловни намени

Согласно билансните показатели од УПЧ ССИ 12, во Блок 04 дозволено е егзистирање на намени од групата на класи на намени Б - комерцијални и деловни намени.
Во југоисточниот дел од планскиот опфат, покрај примарната сообраќајна мрежа (раскрсница на ул.„Христијан Тодоровски Карпош" на исток и ул.„Втора Македонска Бригада" на југ) планирана е градежна парцела со основна класа на намени Б2 како дел од линиски центар и градежна парцела со намена Б5

- Б2 - големи трговски единици
- Б5 –хотелски комплекси

Е - инфраструктура

Парцелирано градежно земјиште од групата на класи на намени Е - инфраструктура во рамки на планскиот опфат е планирано со следната поединечна класа на намени:

- Е2 - комунална супраструктура (трафостаници).

Планирани се вкупно 8 засебни градежни парцели за трафостаници.

Земјиште за општа употреба

Согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) во границите на планскиот опфат земјиштето за општа употреба е дефинирано со следните поединечни основни класи на намени:

Е1 - комунална инфраструктура (сообраќајна инфраструктура);
Д2 - заштитно зеленило.

Демографски показатели

Методологијата за пресметка на планираниот број на жители во зона со постоечка изградена структура од станбени куќи подразбира оперирање со податок за бруто стандард за домување.

Во рамки на планскиот опфат на Блок 04 од градска четврт ССИ 12 планирани се вкупно 278 градежни парцели со намена А1 - домување во станбени куќи и А2 –домување во станбени згради и вкупна бруто развиена површина од 108.343м^2.

Во планскиот опфат се планираат 2700 жители, а бруто стандардот за домување изнесува околу 32,5м^2.

Согласно утврдените насоки од страна на Министерство за образование и наука, од предвидените жители 11% припаѓаат на деца во основно образование, односно околу 290-300 деца, кои во согласност со дописот бр.09-10996/1 од 25.09.2019 од страна на МОН и дописот бр.23-159/12 од 13.05.2020 од страна на Општина Бутел, припаѓаат во наведениот минимум од 500м растојание од место на живеење до постоечкото основно училиште Петар Здравковски Пенко во соседниот блок ССИ12.03.

Во рамки на планскиот опфат согласно ГУП на град Скопје не е планирана намена за В1-образование и наука – основно образование, според податоците од АКН и ажурираната геодетска подлога, како и теренскиот увид, земјиштето со намена А според ГУП е во приватна сопственост и со голем процент на изграденост, а земјиштето во сопственост на РСМ е дефинирано со намена Д2-заштитно зеленило. Од тој аспект не се исполнети условите за формирање на градежна парцела со намена В1-образование и наука – основно образование.

Општина Бутел потврдува дека сите деца со место на живеење во блок 04 од градска четврт ССИ 12 ќе се прифатат во Основното училиште Петар Здравковски Пенко во соседниот блок 03 од градска четврт ССИ12.

3.3. ПЛАНСКИ КОНЦЕПТ НА КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА

Сообраќаен план
Планираната улична мрежа во планскиот опфат на ДУП за градска четврт ССИ 12, Блок 04, Општина Бутел - Скопје е поставена врз база на планската документација од повисоко ниво (ГУП на град Скопје од 2012 год. и Урбанистички план за четврт ССИ 12), состојбата на терен, изведената комунална супраструктура (постоечки улици, изведена комунална инфраструктура), планските решенија согласно претходен ДУП, како и актуелната законска и подзаконска регулатива.

Сообраќајната инфраструктура во локалитетот ја сочинуваат следните категории на улици:

ПРИМАРНА СООБРАЌАЈНА МРЕЖА:
- градски магистрални улици:
ул.„Христијан Тодоровски Карпош" „А" (С.60 - С.63)
ул.„Босна и Херцеговина"

- собирна улица
ул.„2-ра Македонска Бригада"

СЕКУНДАРНА СООБРАЌАЈНА МРЕЖА:
- сервисни улици:
ул. „С3" (Кемал Сејфула)

- станбени улици:
ул. СТБ1, СТБ3 и СТБ4 со попречен профил од 9м
ул. СТБ2 со попречен профил од 9м-10.2м

ул. СТБ5 со попречен профил од 8.5м-10.5м
ул. СТБ6 со попречен профил од 8.5м

-пристапни улици
ул.ПР1-ПР20 со попречни профили од 6м, 5.5м и 3.5м


- тротоари, пешачки патеки, пристапи со профили од 1.5м-5.5м.

Станбените улици СТБ2 и СТБ6 се приклучуваат во собирната улица ул.„2-ра Македонска Бригада", согласно претходен ДУП.
Со Проекти за инфраструктура за сообраќајните коридори на сообраќајната мрежа (примарни и сервисни улици), кои ќе се работат врз основа на ГУП, Урбанистичкиот план за четврт или врз основа на детален урбанистички план ќе се утврдат елементите на уличната мрежа: профилот на сообраќајницата (тротоарите, велосипедските патеки и заштитниот појас), радиусите на хоризонталните кривини, подолжните наклони, како и проектното решение за типот на крстосниците.


Согласно ГУП и УПЧ ССИ 12, во коридорите на примарните улици (ул.„Босна и Херцеговина" и ул.„Х.Т.Карпош") предвидени се траси на линија на градски шински јавен превоз (лесно метро) бр. 2. На графичкиот прилог - Сообраќаен план, прикажаните траси се апроксимативни. Точната просторна диспозиција на поедините техничко-технолошки елементи на шинскиот подсистем ќе се решава согласно сообраќајно-техничката документација за трамвајски систем и пруга во град Скопје.

Доколку, при изработка на Сообраќајно техничка документација за трамвајски систем и пруга во Град Скопје, се јави потреба од користење на јавни површини вон границите на регулационите линии на сообраќајните коридори, а гравитираат со трасата на шинскиот систем, истите да се искористат за позиционирање на точната просторна диспозиција на поедините техничко технолошки елементи на шинскиот подсистем.


ПРИМАРНИ УЛИЦИ ПО ГУП



УЛ. БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА
(ГРАДСКА МАГИСТРАЛА)




УЛ. Х.Т. КАРПОШ „А" С.60-С.63
(ГРАДСКА МАГИСТРАЛА)



УЛ. 2РА МАКЕДОНСКА БРИГАДА
(СОБИРНА УЛИЦА)

СЕРВИСНИ УЛИЦИ




С3
УЛ. КЕМАЛ СЕЈФУЛА

СТАНБЕНИ УЛИЦИ


УЛ.„СТБ1", УЛ.„СТБ3", УЛ.„СТБ4"




УЛ.„СТБ2"



УЛ.„СТБ5"



УЛ.„СТБ6"



ПРИСТАПНИ УЛИЦИ

УЛ.„ПР1", УЛ.„ПР2", УЛ.„ПР6", УЛ.„ПР7",
УЛ.„ПР8", УЛ.„ПР11"



УЛ.„ПР3", УЛ.„ПР4", УЛ.„ПР5", УЛ.„ПР9", УЛ.„ПР10", УЛ.„ПР12", УЛ.„ПР13",
УЛ.„ПР14", УЛ.„ПР15", УЛ.„ПР16", УЛ.„ПР17", УЛ.„ПР18", УЛ.„ПР19"



УЛ.„ПР20"



ТРОТОАРИ, ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ, ПРИСТАПИ



Стационарен сообраќај

Стационарниот сообраќај односно паркирањето на моторните возила во рамките на планскиот опфат е планирано согласно:
• дефинираната намена на земјиштето; и
• нормативните акти - член 58 и член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

За градежните парцели, паркирањето е предвидено да се реши во рамките на секоја градежна парцела поодделно, надземно или подземно и истото наведено е во посебните услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите.

Градежните парцели бр.4.109, 4.136 и 4.209, кои се формирани согласно претходна урбанистичка документација, се задржуваат со постоечка висина до венец и катност за градбата, без можност за развој, од причина што нема можност за обезбедување на паркинг места во сопствена градежна парцела.

Подземната градежна линија може да се постави на растојание од најмалку 1,5м од граница на градежна парцела кон соседни градежни парцели, а кон регулациона линија може да се поклопува со истата. Во случај кога градежната линија се совпаѓа со границата на градежната парцела, подземната градежна линија се совпаѓа со градежната линија на површината за градење.

Широчината, надолжните наклони и радиусите на хоризонталните кривини на рампите за планираните подземни паркинзи да се утврдат во согласност со нормативите од член 60 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Бројот на потребни паркинг места зависи и од изборот на компатибилните намени во градежната парцела кои треба да се земат во предвид при изработка на проектната документација за градбите, врз основа на која се издава одобрение за градење.

Основен услов за изградба на планираната површина за градење, максимална висина и катност е обезбедување на потребниот број на паркинг места.

Јавен градски превоз на патници

Во планскиот период се предвидува планскиот опфат да се опслужува со Јавен автобуски превоз на патници преку системот на градски линии во правец од/кон централното градско подрачје, преку примарната сообраќајна мрежа на улици до локалитетот и обратно.

Планираните сервисни улици не овозможуваат движење на возила од јавен градски автобуски превоз. Јавниот автобуски градски превоз на патници се предвидува со линии - траси по планираните улици по ГУП.

Нивелациски план

Како составен дел на деталниот урбанистички план е изработен Нивелациски план на планираните сообраќајници. Нивелацијата на примарната сообраќајна мрежа е во согласност со податоците од Извод од ГУП на град Скопје - Сообраќаен и нивелациски план и Извод од УПЧ ССИ 12 - Сообраќаен и нивелациски план. Со нивелацискиот план се дефинирани висински коти и координати на осовински точки како и надолжен нагиб на нивелетата.

ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

Планираната хидротехничка инфраструктура во Деталниот урбанистички план за градска четврт ССИ 12, Блок 04, е планирана врз основа на следните податоци и подлоги:

- Податоци добиени од ЈП „Водовод и канализација" - Скопје за постоечката хидротехничка инфраструктура во локалитетот;
- Насоките од плановите од повисоко ниво - ГУП на град Скопје од 2012 год. и Урбанистички план за четврт ССИ 12;
- Сообраќајно и нивелациско решение на планираната сообраќајна мрежа; и
- Актуелните прописи за проектирање на инфраструктурни објекти од овој вид.

Инфраструктурните потреби за Блок 04 од градска четврт ССИ 12 во однос на хидротехничката инфраструктура се следните:

1 Водоснабдување за домување

Потребни количини на санитарна вода за водоснабдување

Предвиден број на жители	N=	2700	
Водоснабдителна норма	Qo=	400	л/ден/жител
Коефициент на дневна нерамномерност	K1=	1,5	
Коефициент на часова нерамномерност	K2=	1,3	
Qср/ден=2700 x 400	=	1 080 000,00	л/ден = 1 080 м3/ден
Qмах/ден	=	1 620 000,00	л/ден
Qмах/час	=	87 750,00	л/час
Секундарни проточни количини			
q ср/ден	=	12,50	л/сек
q мах/ден	=	18,75	л/сек
q мах/час	=	24,38	л/сек

2 Фекална канализација

Количината на отпадни фекални води од дадениот опфат е

qotp=Qср/ден x 0.80	=	864,00	м3/ден

Усвоено пресек од ф250

3 Атмосферска канализација

Интензитет на врнежи qi	=	110,00	л/сек/ха
коефициент на истекување ψsr	=	0,50	л/сек/ха

q atm= F x qi x ψsr q atm=13,81 x 110 x 0.5 = 759,55 л/сек/ха

F-површина на опфат

Следствено, планирани се следните профили на хидротехничка инфраструктура:
- нова водоводна мрежа со минимален профил од Ø100 и Ø150 во секундарната улична мрежа и ф150 во тротоарите на ободната примарна улична мрежа;
-фекална канализација со миниален профил од Ø 250 во секундарната улична мрежа,
- атмосферска канализациона мрежа со почетен минимален профил од Ø300 во рамки на целокупната улична мрежа (постоечка атмосферска канализација во секундарната улична мрежа нема),
-дислокација на хидротехничката инфраструктура кој навлегува во парцелирано градежно земјиште.

Не е дозволено поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации над и непосредно до уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци освен нивно вкрстување. При паралелно поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации со уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци, минималното растојание со нив е регулирано со „услови за полагање на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации" на соодветните комунални организации, но не помалку од 0,60м односно 1,0м од крајниот раб на водоводот, фекалната и атмосферската канализација. Вертикалното растојание помеѓу нив треба да изнесува мин. 0,50м.

Планираната комунална хидротехничка инфраструктура за ДУП за градска четврт ССИ 12, Блок 04 Општина Бутел - Скопје, е презентирана во Планската документација на графички прилог бр.3: Инфраструктурен план.

Обврзувачки: Реализацијата на ДУП за градска четврт ССИ 12, Блок 04 Општина Бутел - Скопје треба да се одвива преку изработка на Основни проекти, за чија изработка ќе бидат дадедни основни правци и податоци (хидротехнички услови) од надлежна институција - ЈП „Водовод и канализација" - Скопје, планска документација за улична мрежа и конкретни податоци – геодетски снимања (мерења).

Електро-енергетска инфраструктура

Врз база на добиените податоци и параметри за планскиот опфат на ДУП за градска четврт ССИ 12, Блок 04, Општина Бутел - Скопје од надлежната институција - ЕВН Македонија, како и врз основа на параметрите пропишани со планска документација од повисоко ниво, пристапено е кон анализа на потребни едновремени снаги.

Со член 109 од Општите и посебните услови за просторен развој од Извод од ГУП на град Скопје од 2012 година, предвидени се коефициенти за дефинирање на потребите за електрична моќност соодветно за секоја намена односно, корисници на просторот:

Намена на земјиште			коефициент согласно ГУП на град Скопје		потреби за електрична моќност (kW)
А - домување	2700	жители	1	kW/жител	2700.00
Б - комерцијални и деловни намени	0.38	ха	193	kW/ха	73.34
Д - зеленило и рекреација	1.22	ха	15	kW/ха	18.30
Е - инфраструктура	2.41	ха	15	kW/ха	36.15
				ВКУПНО	**2827.79**

Потребите од електрична моќност (kW) на ниво на плански опфат изнесуваат 2827,79kW.

Потребите од електрична моќност претставуваат влезен параметар во пресметувањето на потребниот број на трафостаници (N) во рамки на планскиот опфат. Потребниот број на трафостаници (N) изнесува:

N = ΣРед. / (η x Sn), каде ΣРед. =2827,64
N = 2827,79/ (0,75 x 630) = 5,98 ~ 6 трансформаторска станица

Пресметката е направена за енергетски трансформатори од 630 kVA.

Во рамки на планскиот опфат се предвидени 8 засебни градежни парцели за трафостаници, а задржани се и постоечките кои егзистираат во рамки на објекти или дворни места кои согласно направената пресметка треба да ги задоволат потребите за снабдување со електрична енергија.

Во однос на среднонапонската 10kV и нисконапонската 1kV мрежа се планира да се изведе со кабловски врски, во коридорите на планираните улици каде што се предвидени траси за електроенергетска мрежа (прикажано на графички прилог бр.3 - Инфраструктурен план од планската документација). Деталите и развојот ќе бидат дефинирани во следна фаза, а во соработка со стручна служба на ЕВН Македонија.

Улично осветление

Според планскиот концепт на овој детален урбанистички план се предвидува комплетирање на профилите на постоечките сообраќајници и изградба на нови, па согласно со тоа ќе се третира и уличното осветлување. Уличната расвета ќе се реализира со реконструкција и адаптација на постојната мрежа за расвета со замена на столбните места и со поставување на нови расветни тела.

Осветлувањето на сообраќајниците ќе се решава со метал - халогени рефлектори и натриумови светилки поставени на метални столбни места со височина 10м и 4,5м.
Моќноста на новите светлосни тела ќе се дефинира со Основни проекти за расвета на новопланираните сообраќајни површини.

Електронска комуникациска инфраструктура и опрема

Според податоците добиени од Македонски Телеком АД за електронски комуникации - Скопје и Агенцијата за електронски комуникации во границата на планскиот опфат има постојни подземни телефонски инсталации, бакарни кабли, оптички кабли и коаксијални кабли.

Развојот и димензионирањето на телефонската мрежа во иднина треба да се определи за домување според бројот на жители и за деловен простор спрема бројот на вработени и површината на просторот. Телекомуникациските коридори за новата инфраструктура се планира да се реализираат во коридорите на сообраќајниците, односно на тротоарите и пристапните улици. Планираните траси се прикажани на графички прилог бр.3 Инфраструктурен план од планската документација и соодветно се означени во легенда.

Гасоводна мрежа

Според податоците добиени од АД ГА-МА Скопје низ планскиот опфат на градска четврт ССИ 12, Блок 04 не поминуваат траси на изведен гасовод.

Согласно плановите од повисоко ниво (ГУП на град Скопје и УПЧ ССИ 12) планирани се траси на гасовод во рамки на примарната сообраќајна мрежа. Трасите се прикажани во графичкиот дел од планксата документација - прилог: Инфраструктурен план.

Топлификациона мрежа и објекти

Според податоците од надлежните субјекти, констатирано е дека во рамки на планскиот опфат не постои топлификациона мрежа и објекти.

Развојот, изградбата и условите за приклучување на нова топлификациона мрежа ќе произлезе од потребите за енергија за затоплување на корисниците на просторот, сметано по 9 Mw/h/год по семејство (стандард согласно ГУП на град Скопје).

Имајќи во предвид дека просечниот број на семејства во планскиот период во рамки на Блок 04 од четврт ССИ 12 според нумеричките показатели е 750, потребите за енергија за затоплување во планскиот период изнесуваат 6750,00 Mw/h/год (~ 9*750).

4. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Во доменот на заштитата на животната средина основната цел е преку соодветни плански поставки да се обезбедат услови за непречен развој со истовремено чување на квалитетот на средината за живот и работа.

За остварување на наведената цел, поставките и потребите од заштита на животната средина се вградуваат во сите домени на урбанистичкото планирање преку примена на современи стандарди и нормативи.

Локалитетот ќе се развива согласно современите урбанистички принципи, а поради карактерот на планираната намена (зона за домување, комерцијални и деловни намени, јавни институции, зеленило и рекреација), проблемите на нарушување на квалитетот на животната средина не се очекува да бидат посебно изразени, но мора да бидат земени во предвид.

4.1. Заштита на воздухот

Воздухот е еден од основните елементи за чиста и здрава животна средина, па за негов квалитет неопходно е сите загадувачи, односно сите објекти кои испуштаат штетни материи да користат уреди за пречистување.

Покрај ова неопходно е да се оформи (каде што е можно) заштитно зеленило во простори со различен степен на чистота на работната средина, кои имаат значење од аспект на подобрување на микроклиматските влијанија.

Заштитата на квалитетот на атмосферата треба да се остварува преку следните мерки:

- интегрална контрола на загадувачите на атмосферата (меѓу кои и издувните гасови од моторните возила);
- примена на соодветни техничко - технолошки мерки;
- обезбедување услови за ефикасно природно проветрување и користење на доминантни воздушни струења;
- подигање и оформување (секаде каде што има услови) на заштитни зелени појаси покрај сообраќајница;
- уредување на зелени површини во рамките на градежната парцела и создавање (доколку е можно) на поврзан систем на зеленило во и надвор од планскиот опфат.

4.2. Заштита на водите

Заштитата на водите се регулира со комплекс законски прописи, а во овој плански документ соодветно место треба да најдат следните поставки:

- заштита на проточните и подземните води со обезбедување на соодветни техничко-технолошки зафати (изградба на канализациони системи, соодветен третман на отпадните води, пречистителни станици и сл.);
- доследно почитување на прописите кои се однесуваат на големината и одржувањето на санитарно - заштитните зони;
- неутрализација на штетните отпадни материи пред испуштање во канализационата мрежа и реципиентот;
- континуирано следење на квалитетот на водите.

Заштитата на водите се регулира со комплекс законски прописи за заштита на проточните и подземните води – Закон за водите (Сл.Весник на РМ бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16). Со цел за остварување на поставката за планско и рационално користење на водите, се предлагаат мерки за обезбедување на нивниот квалитет меѓу кои: техничко-технолошки мерки, изградба на целосна канализациона мрежа, редовна контрола на состојбите на водата и нејзиниот квалитет и тн.

4.3. Заштита на почвата

Чиста и незагадена почва е исто така, еден од важните предуслови за заштита на животната средина. Во таа смисла треба да се обезбеди поголема контрола при употребата на хемиските заштитни средства, материјалите и суровините кои ќе се користат во прометот и работењето на планираните содржини во рамките на градежната парцела.

4.4. Заштита од бучава

Заштитата од бучава е регулирана со законски и подзаконски акти: Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл. весник на РМ бр.79/07, 142/10, 47/11, 163/13 и 146/15); Одлука за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава (Сл. весник на РМ бр.01/09 и 38/13).

На локалитетот се планира зона за домување, јавни институции, комерцијални и деловни намени и објектите не претставуваат потенцијални извори на бучава.

При изградба на објектите потребно е да се предвидат технологии и техники кои ќе придонесат за намалување на загадувањето со бука и доведување на истото во законски дозволените мерки.

Прашањето за намалување на проблемите на бучавата од сообраќајницата, треба да се решава со обезбедување на заштитно зеленило покрај истата во рамките на градежната парцела, кое во исто време ќе значи и озеленување и оплеменување на просторот во дворното место.

4.5. Третман на отпад

Законот за управување со отпадот (Сл. весник на РМ бр.68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16 и 63/16) го регулира неопходното и правилно решавање на проблемот со сметот, неговиот плански организиран современ третман на одложување, одвезување и уништување или депонирање, а со цел подобрување на квалитетот на условите за живот и работа односно за заштита на животната средина.

Во рамките на планскиот опфат, имајќи ја во предвид планираната намена, содржини и дејности кои ќе се одвиваат во планираните градби, потребно е обезбедување на услови за соодветно собирање, чување, предтретман, третман, рециклирање или уништување на создадениот комунален отпад.

Заради тоа е потребно планско согледување и определување на соодветна локација за депонија како и нејзино организирање и уредување за современ транспорт, третман и уништување на отпадот.

5. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 106/16 и 83/18), Организацијата на мерките за заштита и спасување опфаќа планирање и подготвување на активности за спроведување на мерки за заштита и спасување. Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен и оперативен карактер, кои ги подготвуваат и спроведуваат Републиката (преку органите на државната управа во областите за кои се основани), единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите.

Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја

предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.

Во функција на превенција се следниве мерки и активности:

1) Изработка на процена на загрозеност за можни опасности и план за заштита и спасување од проценетите опасности;
2) Вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа;
3) Уредување на просторот и изградба на објекти, во функција на заштита и спасување;
4) Воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување и
5) Обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

1) при планирањето и уредувањето на просторот и населбите;
2) во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност и
3) при изградба на објекти и инфраструктура.
Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:
1) изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства;
2) регулирање на водотоците и изградба на систем на одбранбени насипи;
3) изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините;
4) обезбедување на противпожарни пречки;
5) изградба на објекти за заштита и
6) изградба на потребната инфраструктура.

Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

Урбанистичко-технички мерки се:
- Засолнување;
- Заштита и спасување од поплави;
- Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи;
- Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства;
- Заштита и спасување од урнатини;
- Заштита и спасување од техничко технолошки несреќи и
- Спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се:
- Евакуација;
- Згрижување на загрозеното и настраданото население;
- Радиолошка, хемиска и биолошка заштита;
- Прва медицинска помош;
- Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло;
- Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и
- Асанација на теренот.

5.1. Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Во доменот на заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 106/16, 83/18), Законот за пожарникарство (Сл.Весник на РМ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 36/16) и други позитивни прописи, при планирање на просторот важни се следните критериуми за заштита од пожар:

• Пристап со возило до секој дел од локалитетот односно до секоја градба;
• Сообраќајните површини да се со ширина поголема од 4,0м со што се обезбедува пристап на противпожарно возило, а просторот околу градбите да овозможува движење и интервенирање околу градбите;
• Рабниците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7 см и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.
• Во случај на пожар, планскиот опфат наменет за домување, зеленило, земјиште за општа употреба и комунална супраструктура, ќе го опслужуваат противпожарните единици од Општина Ѓорче Петров;
• За изградба на објектите да бидат користени соодветни материјали со што ќе се елиминира една од причините кои ја зголемуваат нивната повредливост од пожар.
• За сите објекти да се предвиди громобранска инсталација во согласност со законската регулатива.

5.2. Мерки за заштита и спасување од урнатини

За заштита на локалитетот од урнатини при урбанистичкото планирање и во понатамошната разработка со Основни и Архитектонско-урбанистички проекти, треба да се води сметка за следните мерки:

• Градежната линија на планираните површини за градење да е соодветно оддалечена од границата на градежната парцела односно од регулационата линија;
• Планираната височина на градбите да овозможува непречени услови за заштита и спасување во случај на природни и техничко-технолошки хаварии;
• При рушење, објектот зафаќа H/2 од површината околу себе, односно рушевините да се во рамките на парцелата;
• Сообраќајната мрежа во комплексот да не биде попречена со рушевини заради непречен пристап на интервентни возила во случај на пожар, потреба од медицинска и прва помош, други специјални возила, итн;
• Сите слободни простори и површини наменети за зеленило, во случај на потреба ќе се користат за евакуација на луѓе и материјални добра, укажување на прва помош, активирање на единици или опрема на специјализирани екипи за дејства и активности во функција на помош и заштита, отстранување на дефекти и друго;
• Заради заштита на теренот од можни свлечишта потребно е да се изработат елаборати со геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања врз основа на кои ќе се пропишат соодветни решенија.

5.3. Мерки за заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи

Во рамките на планскиот опфат, во планираните капацитети со основна домување, комерцијални и деловни намени и комунална супраструктура (трансформаторски станици, телекомуникациски разводни ормари), како и предвидената можност за организација и уредување на компатибилни намени во функција на основната намена, доколку се одвиваат процеси, дејности и активности кои не побаруваат многу енергија, или создаваат голем промет на суровини, материјали и сообраќај и каде не се очекува да предизвикаат поголеми техничко-технолошки несреќи, при планирањето и проектирањето мора доследно да се применуваат законските регулативи кои ја регулираат соодветната проблематика, односно да се почитуваат одредбите од Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 106/16 и 83/18) и другите позитивни прописи со кои се регулира оваа проблематика.

5.4. Мерки за радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Во согласност со Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 106/16 и 83/18), да се предвидат следните мерки:
- да се предвидат мерки за заштита на луѓето, добитокот и растенијата од радиолошка, хемиска и биолошка опасност во согласност со законските прописи
- за ефикасна заштита на населението и материјалните добра, установите задолжително да обезбедат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на марките за заштита и спасување и соодветно обучен персонал.

6. МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА БАРИЕРИ НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ

Во рамки на планскиот опфат задолжително е создавање на услови за непречено движење на лицата со инвалидност со преземање на конкретни мерки:

- Површините во рамки на планскиот опфат кои се наменети за движење на пешаци (пешачки патеки, пешачки улици, тротоари, плоштади), кадешто карактеристиките на теренот тоа го дозволуваат, да се со континуирана нивелета без скалести денивелации со подолжен наклон од најмногу 8,33%, а во спротивно до скалите да се предвиди и рампа со истиот наклон.
- Доколку јавните пешачки површини се на терен со големи висински разлики кои мораат да се совладаат со скали, треба да се предвиди алтернативна врска со рампа со максимален пад од 8,33% или во однос 1:12. Притоа рампата треба да биде димензионирана за двосмерно движење на лица во колички при што нејзината најмала широчина треба да е 1,65м, а оптимална широчина треба да е 1,80м.
- Во зависност од наклонот на рампата, ограничена е нејзината должина и тоа за:
  - наклон од 8,33% или во однос (1:12), максимална должина на рампата е 9м
  - наклон од 6,66% или во однос (1:15), максимална должина на рампата е 12м
  - наклон од 5,0% или во однос (1:20), максималната должина на рампата е 15м
- Во случаите кога е неопходна поголема должина на рампите, треба да се планираат одморишта чија што најмала должина треба да е 1,50м, а оптималната должина треба да е 1,80м
- При планирањето на елементите од уличната мрежа задолжително да се предвидат рампи на секој пешачки премин за совладување на денивелацијата помеѓу коловозот и тротоарот со минимална широчина од 1м, а оптимална широчина од 1,80м. Најголем наклон на рампата е 20% или во однос (1:5), а оптималниот наклон е 8,33% или во однос (1:12)
- Во објектите со намена од групите на класи на намени Б и В, задолжително да се предвидат рампи за пристап за висинско совладување на денивелираните површини за комуникација на влезовите од градбите и внатрешни рампи во јавните и групните простории како и просториите за собири. Рампите да се димензионираат според одредбите од член 76 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Минималната широчина на рампите треба да биде 1м.
- Постојната и времената урбана опрема на јвните пешачки површини не треба да претставува архитектонска бариера и да го попречува или отежнува сообраќајот на пешаците, а особено на лицата со инвалидност со колички.

7. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на Деталниот урбанистички план.

7.1. Општите и Посебните услови, текстуалниот дел, графичките прилози и табелите се составен дел на Планската документација на ДУП за градска четврт ССИ 12, Блок 04, Општина Бутел - Скопје и имаат правно дејство само врз градителска активност која следи по стапување во сила на деталниот урбанистички план.

7.2. Податоците кои се евидентирани на ажурираната геодетска подлога во Документационата основа на ДУП, се третираат како постоечка состојба.

7.3. Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите се применуваат во рамките на утврдената граница на планскиот опфат на ДУП за градска четврт ССИ 12, Блок 04, Општина Бутел - Скопје, чии граници се опишани во *точка 2.* од Планската документација на ДУП, а посебните услови се однесуваат на секоја градежна парцела поединечно.

7.4. Границите на планскиот опфат се совпаѓаат со оските на новопланираните улици.

7.5. Изградбата на нови градби, како и изградбата на планирани сообраќајници и комунална инфраструктура и супраструктура ќе се изведува според важечката законска и подзаконска регулатива, одобрената техничка документација како и важечките технички прописи во урбанизмот и градежништвото, а во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

7.6. Во табеларниот приказ што е составен дел на нумеричките показатели и посебните услови за изградба, прикажани се следните податоци за градежните парцели:
- број на градежна парцела;
- површина на градежна парцела ($м^2$);
- површина за градење (м2);
- процент на изграденост (%);
- вкупна бруто развиена површина по катови (м2);
- коефициент на искористеност на земјиштето (к);
- основна класа на намена на земјиштето и градбите;
- компатибилни класни на намени;
- максимален дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена (%);
- максимален број на катови;
- максимална дозволена висина на венец;
- потребен број на паркинг места во рамките на градежната парцела.

Сите овие услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите се одредени согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

7.7. Стационарниот сообраќај - паркирање и/или гаражирање на потребен број моторни возила е планирано во рамките на градежната парцела. Потребниот број на паркинг места ќе се утврди согласно член 58 и член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Доколку не се обезбеди потребниот број на паркинг места во рамките на градежната парцела не може да се гради максималната планирана висина и катност и максималната планирана површина за градење.

7.8. Широчината, надолжните наклони и радиусите на хоризонталните кривини на рампите за планираните подземни паркинзи да се утврдат во согласност со нормативите од член 60 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

7.9. Во градежните парцели во кои е утврден простор ограничен со градежни линии (површина за градење) може да се гради една или повеќе градби, согласно дозволениот процент на изграденост на земјиштето. Градежната парцела во која ќе се градат повеќе градби (комплекс од градби) да се разработи со Архитектонско - урбанистички проект според претходно дефинирана проектна програма.

7.10. Границата на површината за градење под нивото на теренот (која го вклучува и подземното паркирање) графички е прикажана со испрекината линија - подземна градежна линија. Доколку не е графички прикажана, подземната градежна линија може да се постави на растојание од најмалку 1,5м од граница на градежна парцела кон соседни градежни парцели, а кон регулациона линија може да се поклопува со истата. Во случај кога градежната линија се совпаѓа со границата на градежната парцела, подземната градежна линија се совпаѓа со градежната линија на површината за градење.

7.11. Доколку при изградба на нов објект или реконструкција и уредување на улиците и отворените простори дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагменти) од материјалната култура на Република Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл. весник на РМ, бр.20/04; 115/07; 18/11; 148/11; 23/13; 137/13; 164/13; 38/14; 44/14; 199/14; 104/15; 154/15; 192/15; 39/16 и 11/18).

7.12. Максималната висина на венецот, за рамен терен, се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри. За терени во пад, доколку тротоарот долж лицето на парцелата е во пад, максималната височина се одредува помеѓу висинската кота на тротоарот во средината на страната на површината за градење долж падот на теренот и завршниот венец на градбата. Висинската кота на тротоарот се уредува со нивелманскиот план и се изразува како кота на надморска височина.

7.13. Максималната висина на венец изразена во должни метри е надополнета со планска одредба која го ограничува бројот на спратови кој може да се изгради во одредена височина. Најмалата спратна височина за домување, сметано од плоча до плоча изнесува 2,90м, а за деловна дејност 3,40.

7.14. Висинската кота на приземната плоча (нулта плоча) се уредува во однос на котата на тротоарот. За објекти за домување или мешани намени на домување со комерцијални намени во приземјето, максималната висина на нултата плоча изнесува 1,20м, а за сите градби чија градежна линија се совпаѓа со регулационата линија, а намената на градбите е Б1, Б2 и Б3, треба да е 15см. Поместување на нултата плоча не треба да се врши под котата на тротоарот.

7.15. Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената и специфичноста на истиот, со максимална височина на слеме од 4,50 м мерена од котата на завршниот венец на објектот.

7.16. За сите трансформаторски станици да се обезбеди пристап на товарно возило за изградба на истите и нивно тековно одржување.

7.17. За 35, 20 и 10 kV подземни далноводи во тротоарскиот дел од сообраќајните површини да се оформат коридори за водење на истата, а во координација со останатите инфраструктурни подземни инсталации

7.18. Условите за изградба на објектите, треба да содржат и посебни услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефон и одводнување на отпадните фекални и атмосферски води.

7.19. Не е дозволено поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации над и непосредно до уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци освен нивно вкрстување. При паралелно поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации со уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци, минималното растојание со нив е регулирано со „услови за полагање на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и други инсталации" на соодветните Комунални организации, но не помалку од 0,60м односно 1,0м од крајниот раб на водоводот, фекалната и атмосферската канализација. Вертикалното растојание помеѓу нив треба да изнесува мин. 0,50м.

7.20. Отстапување од подземната градежна линија (површина за градење под нивото на теренот) односно растојание од 3,0м од границата на градежната парцела до подземната градежна линија, да се обезбеди при дефинирање на местоположба на шахтите за изведба на приклучоци или уреди за снабдување со вода, електрична енергија, телефон, гас, топловод, одводнување на отпадните (фекални) и атмосферски води и друго, при разработка на градежната парцела со Основен или Архитектонско-урбанистички проект.

7.21. Предвидените траси за комунална инфраструктура (хидротехничка, електро-енергетска, електронска комуникациска и топловодна) се наоѓаат во рамки на земјиште за општа употреба. Диспозицијата на трасите може да биде предмет на промена со изработка на проекти за инфраструктура.

7.22. Не е дозволена градба во рамки на заштитните коридори на инфраструктурните водови.

7.23. При изведба на сообраќајниците со траси над гасоводна мрежа, задолжително да се предвиди армирано-бетонска заштита на гасоводните цевки.

7.24. При оформување на содржините во локалитетот се применуваат соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина, со почитување на минималната застапеност на зеленилото во дворните места на градежните парцели и линеарно зеленило (доколку постојат услови за тоа) долж сообраќајниците. Објектите кои се планирани да се градат на предметниот простор, треба да бидат изведени согласно стандардите и нормативите за проектирање и не смеат да ја нарушат природната рамнотежа на средината.

7.25. Со проекти за инфраструктура за сообраќајните коридори на примарната сообраќајна мрежа, кои ќе се работат врз основа на Генералниот урбанистички план, УПЧ или врз основа на детален урбанистички план ќе се утврдат елементите на уличната мрежа: профилот на сообраќајницата (тротоарите, велосипедските патеки и заштитниот појас), радиусите на хоризонталните кривини, подолжните наклони, како и проектното решение за типот на крстосниците.

7.26. Трасата на планираниот шински подсистем за јавен градски превоз на патници во графичките прилози е прикажана апроксимативно. Точната просторна диспозиција на поединте техничко-технолошки елементи на шинскиот подсистем ќе се решава согласно сообраќајно-техничката документација за трамвајски систем и пруга во град Скопје. Доколку, при изработка на Сообраќајно техничка документација за трамвајски систем и пруга во Град Скопје, се јави потреба од

користење на јавни површини вон границите на регулационите линии на сообраќајните коридори, а гравитираат со трасата на шинскиот систем, истите да се искористат за позиционирање на точната просторна диспозиција на поедините техничко технолошки елементи на шинскиот подсистем.

7.27. Колскиот пристап до секоја градежна парцела е обезбеден од сообраќајниците од секундарната улична мрежа.

7.28. Површините наменети за движење на пешаци (пешачки патеки, пешачки улици, тротоари, плоштади), кадешто карактеристиките на теренот тоа го дозволуваат, да се со континуирана нивелета без скалести денивелации со подолжен наклон од најмногу 8,33%, а во спротивно до скалите да се предвиди и рампа со истиот наклон.

7.29. Доколку јавните пешачки површини се на терен со големи висински разлики кои мораат да се совладаат со скали, треба да се предвиди алтернативна врска со рампа со максимален пад од 8,33% или во однос 1:12. Притоа рампата треба да биде димензионирана за двосмерно движење на лица во колички при што нејзината најмала широчина треба да е 1,65м, а оптимална широчина треба да е 1,80м

7.30. Во зависност од наклонот на рампата, ограничена е нејзината должина и тоа за:
- наклон од 8,33% или во однос (1:12), максимална должина на рампата е 9м
- наклон од 6,66% или во однос (1:15), максимална должина на рампата е 12м
- наклон од 5,0% или во однос (1:20), максималната должина на рампата е 15м

Во случаите кога е неопходна поголема должина на рампите, треба да се планираат одморишта чија што најмала должина треба да е 1,50м, а оптималната должина треба да е 1,80м

7.31. Задолжително да се предвидат рампи на секој пешачки премин за совладување на денивелацијата помеѓу коловозот и тротоарот со минимална широчина од 1м, а оптимална широчина од 1,80м. Најголем наклон на рампата е 20% или во однос (1:5), а оптималниот наклон е 8,33% или во однос (1:12)

7.32. Во објектите со намена од групите на класи на намени Б и В, задолжително да се предвидат рампи за пристап за висинско совладување на денивелираните површини за комуникација на влезовите од градбите и внатрешни рампи во јавните и групните простории како и просториите за собири. Рампите да се димензионираат според одредбите од член 76 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Минималната широчина на рампите треба да биде 1м.

7.33. Опремувањето на локалитетот со елементи од урбана опрема треба да се поставува исклучиво за остварување на јавен интерес утврден со закон, а во согласност со Законот за градење. Елементите од урбана опрема не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес.

7.34. Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на планскиот опфат. Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на управата на Општината. Локациите мора да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите, а уредени во согласност со оној што ќе го евакуира отпадот во регионална односно општинска депонија.

7.35. Во рамките на градежната парцела да се уредат површини со зеленило. Минимална застапеност на зеленилото во рамките на градежните парцели да изнесува 20% од површината на парцелата, согласно член 20 од Законот за

урбано зеленило (Сл.Весник на РМ, бр.11/18 Сл.весник на РСМ бр.42/20), односно високо зеленило.

7.36. Согласно Законот за одбрана, Законот за заштита и спасување, Законот за пожарникарство и Законот за управување со кризи, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

7.37. При разработка на урбанистичките параметри од деталниот урбанистички план, за тоа што не е регулирано со овие Услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ, бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Службен весник на РМ, број 142/15).

8. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

Посебните услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите се однесуваат на градежните парцели дефинирана со ДУП за градска четврт ССИ 12, БЛОК 04, Општина Бутел - Скопје.

Намена на земјиштето и градбите:

- **Парцелирано градежно земјиште:**

А1 - домување во станбени куќи;
А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ

Е - ИНФРАСТРУКТУРА П=0.01 ха


Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА

Д - ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА П=0.05 ха

Д2 - ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО

СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ П=0.24 ха

- АСФАЛТИРАНА ПОВРШИНА
- ПРИСТАПНИ УЛИЦИ И ТРОТОАРИ
- ВЕЛОСИПЕТСКА ПАТЕКА
- ЗЕЛЕН ПОЈАС



FAZA

D:\PRIMERI\BILD memo.tif

SINTEZEN PLAN

CRTEŽ

IZMENA I DOPOLNA NA
DUP BUTEL — 2 (URBANA EDINICA 35)
OP[TINA BUTEL

LIST BR. 4

TEH.BR. 215/10 M 1:1000


PLANERI:
BOJAN MULI^KOVSKI d.i.a. br. ov.0.0070
EFREMOVA ISKRA d.i.a. br. ov. 0.0085
KARAGA KATERINA d.i.a.
LALKOVA ILINA d.i.a

UPRAVITEL: GAVRILOSKI ALEKSANDAR

NARA^ATEL: OP[TINA BUTEL

09.2011

LOKACIJA: DUP BUTEL— 2(URB.EDINICA 35) OP[TINA BUTEL



IZMENA I DOPOLNA NA DETALEN URBANISTI^KI PLAN BUTEL — 2 (URBANA EDINICA 35) OP[TINA BUTEL

PLANSKA DOKUMENTACIJA 2010–2015

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ П=0.73 ха

ГРАНИЦА НА УРБАН ДЕЛ

ЕЛЕМЕНТИ ЗА ОБЛИКУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈНИЦИ

р.л. **ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА**
РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА

1 **НУМЕРАЦИЈА НА УРБАН ДЕЛ**

1-х **НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА**

г.л. **ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ ОГРАНИЧЕНА СО ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА**

П +2+Пк **КАТНОСТ НА ОБЈЕКТ**
Н=10.20м **ВИСОЧИНА НА ГРАДЕЊЕ**

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ

А - ДОМУВАЊЕ **П=0.43 ха**

A1 **А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ**

Е - ИНФРАСТРУКТУРА **П=0.01 ха**

E2 **Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА**

Д - ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА **П=0.05 ха**

Д2 **Д2 - ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО**

КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

ПОСТОЈНА ТРАФОСТАНИЦА 10/0.4 кв

ПЛАНИРАНА ТРАФОСТАНИЦА 10/0.4 кв

ВОДОВОД - ПОСТОЕН

ВОДОВОД - ПЛАНИРАН


ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА - ПОСТОЈНА

ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА - ПЛАНИРАНА

АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА - ПОСТОЈНА

АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА - ПЛАНИРАНА

ТРАСА НА ПЛАНИРАН ШИНСКИ ПОДСИСТЕМ ЗА ЈАВЕН ГРАДСКИ ПАТНИЧКИ ПРЕВОЗ



U FAZA

D:\PRIMERI\BILD memo.tif

INFRASTRUKTUREN PLAN

CRTEŽ

IZMENA I DOPOLNA NA
DUP BUTEL — 2 (URBANA EDINICA 35)
OP[TINA BUTEL

TEH.BR. 215/10 M 1:1000

3 LIST BR.


PLANERI:
BOJAN MULI^KOVSKI d.i.a. br. ov.0.0070
EFREMOVA ISKRA d.i.a. br. ov. 0.0085
KARAGA KATERINA d.i.a.
LALKOVA ILINA d.i.a

UPRAVITEL: GAVRILOSKI ALEKSANDAR

NARA^ATEL: OP[TINA BUTEL

09.2011

LOKACIJA: DUP BUTEL— 2(URB.EDINICA 35) OP[TINA BUTEL



653000

5372600


ПРОФИЛИ НА СООБРАЌАЈНИЦИ

1. СОБИРНИ УЛИЦИ


Бул. "ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ КАРПОШ"



ул. "ФЕРИД БАЈРАМ"




ул. "ВТОРА МАКЕДОНСКА БРИГАДА"




2. СТАНБЕНИ УЛИЦИ

ул. "РОКОМИЈА"



ул. КРАК НА ул."РОКОМИЈА"



IZMENA I DOPOLNA NA DETALEN URBANISTI^KI PLAN BUTEL — 2 (URBANA EDINICA 35) OP[TINA BUTEL

PLANSKA DOKUMENTACIJA 2010–2015

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ П=0.73 ха

ГРАНИЦА НА УРБАН ДЕЛ

ЕЛЕМЕНТИ ЗА ОБЛИКУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈНИЦИ

р.л. **ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА**
РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА

1 **НУМЕРАЦИЈА НА УРБАН ДЕЛ**

1-x **НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА**

г.л. **ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ ОГРАНИЧЕНА СО ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА**

П +2+Пк **КАТНОСТ НА ОБЈЕКТ**

Н=10.20м **ВИСОЧИНА НА ГРАДЕЊЕ**

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ

А - ДОМУВАЊЕ **П=0.43 ха**

A1 **А1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ**

Е - ИНФРАСТРУКТУРА **П=0.01 ха**

E2 **Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА**

Д - ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА **П=0.05 ха**

Д2 **Д2 - ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО**

СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ **П=0.24 ха**

АСФАЛТИРАНА ПОВРШИНА

ПРИСТАПНИ УЛИЦИ И ТРОТОАРИ


ВЕЛОСИПЕТСКА ПАТЕКА

ЗЕЛЕН ПОЈАС

ТРАСА НА ПЛАНИРАН ШИНСКИ ПОДСИСТЕМ ЗА ЈАВЕН ГРАДСКИ ПАТНИЧКИ ПРЕВОЗ

ПОСТОЈНА ТРАФОСТАНИЦА 10/0.4 кв

ПЛАНИРАНА ТРАФОСТАНИЦА 10/0.4 кв



U FAZA

D:\PRIMERI\BILD memo.tif

SOOBRA]AEN I NIVELACISKI PLAN

CRTEŽ

IZMENA I DOPOLNA NA
DUP BUTEL — 2 (URBANA EDINICA 35)
OP[TINA BUTEL

2 LIST BR.

TEH.BR. 215/10 M 1:1000

PLANERI:
BOJAN MULI^KOVSKI d.i.a. br. ov.0.0070
EFREMOVA ISKRA d.i.a. br. ov. 0.0085
KARAGA KATERINA d.i.a.
LALKOVA ILINA d.i.a

UPRAVITEL: GAVRILOSKI ALEKSANDAR

NARA^ATEL: OP[TINA BUTEL

LOKACIJA: DUP BUTEL— 2(URB.EDINICA 35) OP[TINA BUTEL

4.1.Текстуален дел ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

4.1.1. Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат и плански период

Со планската документација се изработува Измена и дополна на Детален урбанистички план Бутел 2 (Урбана единица 35), Општина Бутел.

Детелениот урбанистички план е изработен согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр. 51/05, бр.137/07, 91/09 и 124/10) и Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.142/10) за плански период 2010 – 2015 год.

4.1.2. Географска и геодетска местоположба на планскиот опфат

Просторот дефиниран за изработка на Измена и дополна на Детален урбанистички план Бутел 2 (Урбана единица 35) со својата местоположба припаѓа на територија на Општина Бутел, Скопје.

Границите на планскиот опфат се следните:

Од Северозапад: По осовина на улица Бул. "Христијан Тодоровски Карпош";

Од Североисток: По осовина на улица "Рокомија " "и продолжува по северната граница на постојната пешачка патека,

Од Југоисток: По осовина на улица "Рокомија",

Од Југозапад: По осовина на улица "Ферид Бајрам",

Во рамките на вака дефинираниот простор опфатени се следните катастерски парцели: 551/1, 551/2, 551/3, 551/4, 550/1, 550/2, 541/2, 546, 547, 548, 549, 556, 558, 560, 561, 671, 672, 674, 675, 676, 673, 677, 684, 683, 564, 563, 562, 559, 557, 555 и 554.

Површината на планскиот опфат во рамките на опишаните граници зафаќа површина од 7293 $м^2$ или 0,73 ха

4.1.3 . Определби од ГУП применети во овој детален урбанистички план

На просторот кој што е предмет за изработка на овој Детален урбанистички план, според Генерален урбанистички план за град Скопје и од 2002 год, се предвидува основна намена: 103 - семејни куќи со градини.

При инвентаризација на просторот се покажа дека на овој локалитет како намена егзистираат зоните на домување и тоа домување во станбени куќи.

4.1.4. Планска програма

Потреба од изработка на оваа планска документацијај на Измена и дополна на Детален урбанистички план Бутел 2 (Урбана единица 35), Општина Бутел е вршење парцелација за новопредвидените градби во рамки на реална можност за брза реализација.

После одредени разговори со раководните структури на локалната самоуправа дојдено е до констатација за потреба од изработка на оваа Урбанистичка документација заради побрза реализација на истата, бидејќи во изминатиот период од од кога едонесен постојниот ДУП одредени предвидени површини не се реализирани.

Со донесување на Програма за изработка на убанистички планови на територија на општина за 2010 год во која влегува и предметната изработка на Детален урбанистички план, пристапено е кон изработка на Измена и дополна на

Детален урбанистички план Бутел 2 (Урбана единица 35), Општина Бутел. Површината на опфатот на анализираниот простор на предметната измена е утврдена во согласност со Сектор за урбанизам и комунални дејности и заштита на животна средина и природата- Одделение за урбанизам- и истата изнесува 0.73 ха

4.1.5. Опис и образложение на планскиот концепт на просторен развој

Појдовна точка во изнаоѓање на концепцијата на решението на овој ДУП покрај смерниците од ГУП се и создадените услови на просторот кој е предмет на изработка на оваа урбанистичка документација. Концепцијата на решението произлегува од постојната состојба и увидот на лице место.

Со предложеното решение се задржува предвидената со ГУП намена на површини - домување во станбени куќи. За овој урбан опфат постои Детален урбанистички план Бутел 2 (Урбана единица 35), Општина Бутел. Потреба за измена се јави со заинтересираност на населението за реализација на доградби и надградби со можност во законски предвидена можност како и парцелација согласно максималните можности што ги дава состојбата на лице место.

Просторниот концепт го сочинува следниот систем на класи на намени :

А- домување

Д- зеленило и рекреација

Е- инфраструктура

и останати површини наменети за сообраќајници

Во графичкиот прилог се дадени симболи за соодветни намени на просторот а тоа се следните:

А1- домување во станбени куќи

Д2- заштитно зеленило

Е2-комунална супраструктура

1. А- *Домување*..... 0,43 ха

Во рамките на планскиот опфат–58.65 % од просторот е ангажиран за домување со основна класа на намена:

А1 – Домување во станбени куќи.

Покрај основната класа на намена А1- домување во станбени куќи предвидена е и компатабилна класа на намена на основната класа на намена а тоа е:

- Б1-мали комерцијални и деловни единици. Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатабилни класи на намени во однос на основната класа на намена изнесува 10%.
- В1-образование. Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатабилни класи на намени во однос на основната класа на намена изнесува 10%.

При уредувањето на просторот водено е сметка за негова рационална искористеност да не се нарушат основните принципи на начин на живеење и хуманизација на просторот што е постигнато со диспозиција, површина, катност и висина на објектите.

Со анализа на постојната состојба добиен е целосен увид во однос на бројот, големината и материјалната вредност на станбените објекти. Од тука е произлезен и ставот за идниот статус на секој поединечен објект, неговиот однос кон вклопување во цели на планирање.

- Реконструкција на станбени куќи со проширување на површината за градба со доградба и надградба;
- Максимална висина т.е. одредување на кота на венец во однос на тротоар е:
  - кота на тротоар ± 0.00 м
  - кота на приземна плоча или нулта точка во однос на нивелетата на тротоар мах. 1,20 м
  - максимална кота на венец за домување во станбени куќи 10,20 м
  -максимална висина на слеме како највисока точка на кровната конструкција изнесува 4,50 м над завршниот венец на градбата
  - број на катови за домување во станбени куќи П+2+Пк

- Повшина на локации за домување.....4278м^2
- Површина под градба.....2587 м^2
- Бруто развиена површина.....7761 м^2
- Број на жители.....123
- Број на станови.....35
- Просечна структура на домаќинство.....3.5
- Бруто густина густина на домување.....169.30 ж/ха
- Нето густина густина на домување ..... 289 ж/ха
- Процент на изграденост.....60%
- Коефициент на искористеност.....1,81

2. Д- Зеленило и рекреација..... 0,05 ха

Во рамките на планскиот опфат– 6.70 % од просторот е ангажиран за класа на намена - зеленило и рекреација со основна класа на намена Д2-заштитно зеленило.

Зеленило има намена за заштита на животна средина, подобрување на микро-климатките услови и оплеменување на просторот.

Просторот предвиден за заштитно зеленило претставува тампон зона меѓу различни намени кое ќе се реши со висока и ниска вегетација отпорна на сите загадувања што се присутни во оваа средина.

3. Е- *Инфраструктура*..... 0.01 ха

Во рамките на планскиот опфат–1.12 % од просторот е ангажиран за основна класа на намена Е2-комунална супраструктура .

Во планскиот опфат се планираат две трафостаници 10/0,4 кВ. Едната е постојна и се задржува. Евидентирана е во урбан дел 1 на број на парцела 1.10 . Ново планираната трафостаница 10/0,4 кВ се планира на број на парцела 1.20.

4.1.6. Сообраќајна и комунална инфраструктура

4.1.6.1. Сообраќаен план

Планираната улична мрежа за локалитетот Измена и дополна на Детален урбанистички план Бутел 2 (Урбана единица 35), Општина Бутел е поставена врз основа на поставката на Генералниот урбанистички план на град Скопје, Детален урбанистички план Бутел 2 (Урбана единица 35), Општина Бутел за предметниот локалитет, ДУП-ви со кои се граничи овој локалитет, постојната состојба на уличната мрежа која моментално го опслужува сообраќајот како и претпоставените токови на движење на моторниот и пешачкиот сообраќај а според урбанистички поставената организација на просторот со намена на површини и функции кои ќе егзистираат во истиот за предвидениот плански период.

Како основа на поставката на уличната мрежа се поставени планираните со ГУП улици од примарната улична мрежа со точно утврдена траса и сообраќајни профили и тоа се магистралната улица Бул. "Христијан Тодоровски Карпош" и собирната улица "Ферид Бајрам". Истите се со следните структури на сообраќајен профил:

Магистрална улица: Бул. "Христијан Тодоровски Карпош"
-тротоар..... 4,50 м'
-велосипетска патека.....2,50 м'
-коловоз..... 10,50м'
-средно зеленило.....5,00м'
-велосипетска патека.....2,50 м'
-тротоар.....4,50м'
-вкупно.....40,00 м'

Трасата на планираниот шински подсистем за јавен градски патнички превоз во графичките прилози е прикажана апроксимативно. Точната просторна диспозиција на поедините техничко-технолошки елементи на шинскиот подсистем ќе се решава согласно сообраќајно-техничката документација за трамвајски систем и пруга во градСкопје.

Собирна улица: улица "Ферид Бајрам",
-тротоар.....=2,00м'
- зеленило.....=2,00м'
-коловоз.....7,00м'
- зеленило.....=2,00м'
-тротоар.....=2,00м'
-вкупно.....15,00 м'

Пристапот до градежните парцели (1.11, 1.12, 1.13, 1.14, 1.15, 1.16, 1.17, 1.18 и 1.19) долж улицата "Ферид Бајрам " се предвидуваат од истата улица. Ова решение е дефинирано поради не постоењето на можност за алтернативен пристап до нив, како и од стеченото право со претходниот Детален урбанистички план Бутел 2.

На овие сообраќајници кои се дел од планираната со ГУП основна улична мрежа на град Скопје преку крстосници во ниво е поврзана планираната секундарна улична мрежа од локалитетот која ја сочинуваат станбените улици: улица "Рокомија " и крак на улица "Рокомија" и истите се планирани главно почитувајки ја постојната состојба. Споментаите станбени улици се со следните структури на сообраќајен профил:

Станбена улица: ул “Рокомија”
-тротоар.....=2.00м’
-коловоз.....7,00м’
-тротоар.....2.00м’
-вкупно.....11,00 м’

Станбена улица: крак на ул “ Рокомија”
-тротоар.....=1.50м’
-коловоз.....5,50м’
-тротоар.....=1.50м’
-вкупно.....8,50 м’

Радиусите и кривините на уличната мрежа се дадени адекватно со прописите од сообраќај и се стандардни.

Паркирањето на моторните возила е предвидено во склад со член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот (сл. Весник на РМ 142/10) што значи да во рамките на секоја урбанистичка (градежна) парцела е неоходно обезбедување на потребен простор за паркирање (гаражирање) на соодветен број возила.

-За станбени куќи во градежна парцела помала од 600м^2 : 1,2 паркинг места за секој стан до 90 м^2 и 1,5 паркинг места за секој стан над 90м^2

Обезбедувањето на потребен број на паркинг места е основен услов за изградба до максимално дозволена висина и површина за градба.

Вкупна површина на планскиот опфат изнесува 0,73 ха од која 2445 м^2 е под сообраќајни површини или 33,52%.

Нивелациски план

Со изработка на локалитетот Измена и дополна на Детален урбанистички план Бутел 2 (Урбана единица 35), Општина Бутел пристапено е кон изработка на нивелманското решение за истиот локалитет. Предмет на изработка на нивеламанското решение е изработка на вертикално решение на пристапните сообраќајници.

Појдовна основа за изработка на вертикалното решение е постојната нивелета и постојниот терен на локалитетот.

Подолжните падови се движат во границите на дозволените.

4.1.6.2. Хидротехничка инфраструктура

Вовед

Основните решенија за водовод, фекална и атмосферска канализација за Измена и дополна на Детален урбанистички план Бутел 2 (Урбана единица 35), Општина Бутел, се изработени на основа следните подлоги и податоци:

- Важечки ДУП за планскиот опфат
- Мислење за водоснабдување и канализација за Измена и дополна на Детален урбанистички план Бутел 2 (Урбана единица 35), Општина Бутел
- Постојна состојба на водовод и канализација за Измена и дополна на Детален урбанистички план Бутел 2 (Урбана единица 35), Општина Бутел
- Нивелационо решение на улиците во границите на планскиот опфат;
- Постојни технички прописи и нормативи за овој вид на објекти и инсталации.

Према Деталното урбанистичко решение, просторот е предвиден со класи на намени – домување во станбени куќи, зеленило и рекреација и комунална супраструктура.

Во однос на спратноста на станбените куќи се предвидува, кота на венец од H = 10,20 м'

Површина на планскиот опфат изнесува 0,73 ха.

Вкупно број на жители за планскиот период 2010-2015 год. изнесува Nk = 123 корисници.

Водоснабдување

Водоснабдувањето на постојните и новопланираните објекти во локалитетот ќе се врши преку постојната водоводна мрежа, која преставува дел од Градскиот водоводен систем.

Постојната водоводна мрежа која со своите траси и профили се вклопува во Деталното урбанистичко решение како и со прописите за минимални профили предвидено од ЈП Водовод и канализација – Скопје и за планираниот период остануваат во функција. По улицата Бул. "Христијан Тодоровски Карпош" останува во функција водоводната мрежа со профил ∅ 600 мм. Исто така и по улиците "Ферид Бајрам" и улицата "Рокомија" останува во функција водоводната мрежа со профил ∅ 150 мм, односно ∅ 80 мм.

Се планира водоводна мрежа по улицата "Ферид Бајрам" со профил ∅ 80 мм.

Водоводна мрежа во локалитетот е кружна (циркулациона). Истата придонесува за зголемување на сигурноста во снабдувањето со вода како и зголемувањето на пропусната моќ на истата (водата во секоја точка доаѓа од два правци).

Мрежата располага со доволен број на затварачи со кои се врши изолација на поедини делници при евентуален дефект на мрежата.

Потребно количиство на санитарна вода

Параметрите за одредување на потребната количина на санитарна вода за населението се усвоени од Генералниот урбанистички план на град Скопје.

Потребна количина на вода

$$Q\max/h = \frac{Nk \times Q \times a_1 \times a_2}{86400}$$ каде што е

Nk - број на жители, посетители – 123 жители
Q - водоснабдителна норма Q = 500 l/ден/жит.
a_1 = коефициент на дневна нерамномерност a_1 = 1,5
a_2= коефициент на часова нерамномерност. a_2 = 1,3
Средно дневна потрошувачка

$Q_{sr/den}$ = Nк x Q = 123 x 500 = 61.500 l/den.

$$q_{sr/den} = \frac{Q\,sr/den}{86\,400} = \frac{61500}{86\,400} = 0{,}71 \text{ l/sek.}$$

Максимална дневна потрошувачка

$Q_{mah/den}$ = $Q_{sr/den}$ x a_1 = 61500 x 1,50 = 92250 l/den.

$$q_{mah/den} = \frac{Q\ mah/den}{86\,400} = \frac{92250}{86\,400} = 1{,}06\ l/sek.$$

Максимална часова потрошувачка

$Q_{mah/час} = Q_{mah/den} \times a_2 = 92250 \times 1{,}30 = 119925\ l/den.$

$$q_{mah/час} = \frac{Q\ mah/\sim as}{86\,400} = \frac{119925}{86\,400} = 1{,}38\ l/sek.$$

Количество на вода за против пожарна заштита

Према важечките технички прописи за заштита на населението и објектите од пожар, предвидено е да во случај на пожар се јави истовремено еден пожар со количествона вода од 10 л/сек., што важи за населени места до 5 000 жители, без оглед на отпорноста на објектите према пожар:

$$Q_{poz} = q_{poz} \cdot n_1 \cdot \frac{t}{24}$$

q_{poz} = 10 л/сек

n_1 - број на пожари кои можат да се појават истовремено

t – времетраење на пожар

Оваа потребна количина на вода до водокорисниците ќе се дистрибуира преку постојната и планираната дистрибутивна водоводна мрежа, која ќе се состои од профили од ∅80мм до ∅ 150 мм.

Фекална канализација

Одведувањето на фекалните и отпадните води од постојните и планираните објекти во локалитетот ќе се врши преку постојната и новопланираната фекална канализација.

Минималниот профил на постојната и новопланираната канализација усвоен е од ∅ 250 мм до ∅ 400 мм, што е усогласен со прописите од ЈП Водовод и канализација – Скопје.

Количини на отпадни и фекални води

За одведување на капацитетот на мрежата прифатен е нормативот да само 80 % од искористената вода од населението во локалитетот се одведува во канализациониот систем. Останатите 20 % од искористените води нема да се испуштаат во фекалната канализација (миење на улици, поливање на зелени површини и др.). Исто така, се планира да количините на фекалните води во мрежата се зголемат и од инфилтрацијата на подземната вода за 25 %. Овие количини на отпадни води се зголемуваат за 1,50 пати во деновите на максималната оптоварувачка. Часовиот максимум е за 1,30 пати поголем од деновите на максималната потрошувачка.

Планираниот инфраструктурен систем на отпадните води ке биде димензиониран на овие коефициенти.

Имајки во предвид дека водоснабдителната норма е планирана на 500 л/сек/човек, максималната часова отпадна вода по жител изнесува:

$$qfek = \frac{0.80 \times Nk \times Q_o \times a_1 \times a_2 \times 1.2}{24 \times 60 \times 60}$$

$$qfek = \frac{0.80 \times 123 \times 500 \times 1.50 \times 1.30 \times 1.2}{86400} = 1,33 \text{ л/сек}$$

Канализационата мрежа се состои од арм. бетонски канализциони цевки со ∅ 250 и ∅ 400 и арм. бетонски ревизиони шахти.

Атмосферска канализација

Атмосферската канализација ќе ги евакуира отпадните атмосферски води од кровните површини на објектите, од површините на улиците, зелените површини.

Планираната атмосферска канализација е усогласена со нивелационото решение на уличната мрежа.

Количини на атмосферски води

Количината на отпадните атмосферски води ќе се одреди со емпириски формули, а во зависност од сливната површина, интензитетот на дождот и отечниот коефициент.

$$Q_{atm} = F \cdot q_i \cdot \Psi(l/\sec) = 0,73 \text{ x } 110 \text{ x } 0,4=32,12 \text{ л/сек}$$

F – вкупна сливна површина (ха) 0,73 ха

q_i – специфичен истек (110)

Ψ - просечен коефициент на истекување (0.4)

Целиот систем е пресметан според рационалниот метод, земајки го како критериум времетраењето на врнежите, односно времетраењето кое е равно на соодветното време на концентрацијата на врнежите.

На основа припадните сливни површини,интензитетот на истекување према наведениот образец, изнајдени се количините на вода а во согласност со падот на каналот извршено е димензионирање на каналската мрежа.

Димензиите на мрежата се ∅ 400 мм по ул. ”Ферид Бајрам” и ул. “Рокомија” и ∅ 800 по улица Бул. “Христијан Тодоровски Карпош”.

4.1.6.3. Електро-енергетика и ПТТ инсталации

На основа добиените графички прилози и останати потребни параметри пристапено е кон изготвување на планиран развој на електро-енергетски објекти и мрежи и телефонска мрежа за Измена и дополна на Детален урбанистички план Бутел 2 (Урбана единица 35), Општина Бутел, плански период 2010-2015 со површина на зафат од 0,73 ха.

Основни содржини во просторот се:

- домување
- сообраќајници и сообраќајни површини;

За горе наведените содржини пристапуваме кон анализа на потребни едновремени снаги.

Анализа на снаги

Домување

Електричната мрежа и потребата од едновремена ел.снага за новопредвидените објекти се димензионира према следните електроенергетски параметри со напомена дека се предвидени максимални површини за градба и тоа претставува максимален капацитет на просторот во моментот:

Pen = Pen' + Pen"
Pen' =fn' x Pe' x n fn' = f~' + $\frac{1-f\sim'}{\sqrt{n}}$
Pen" = fn" x Pe" x n fn" = f~" + $\frac{1-f\sim"}{\sqrt{n}}$

Pen - вкупна едновремена ел. снага за домување
Pen' - едновремена ел. снага за "n" станови
Pen" - едновремена сл. снага за "n" станови за затоплување
Pe' - едновремена ел. снага за просечен стан Pe = 13 kW
Pe" - едновремена ел. снага за просечен стан за затоплување Pe"=2,5 kW
f~' и f~" - фактор на едновременост, за бесконечен број на станови (f~'=0,15;f~"=0,9) n - број на станови (35)
fn' i fn" - коефициент на едновременост за "н" станови

$$fn = f\infty + \frac{1-f\infty}{\sqrt{n}} = 0{,}185 + \frac{1-0{,}185}{\sqrt{35}} = 0{,}322$$

Потребна едновремена снага:

$$\Sigma Pen = Pen \times n \times fn = 13 \times 35 \times 0{,}322 = 146.92 \text{ kW}$$

Едновремената ел. снага за домување изнесува:

Pen = 156,92 kW

Бројот на трафостаници се одредува за ТС опрема со енергетски маслен трансформатор од 630 kVA.

$$\eta_{tr} = \frac{\Sigma Pen}{Str \times \eta} = \frac{146.92}{630 \times 0.75} = 0{,}31 \text{ или } 1$$

Во планскиот опфат е евидентирана една трафостаница 10/0,4 кВ. Истата е постојна и се задржува. Се планира и нова трафостаница 10/0,4 кВ.

Улично осветлување

Сообраќајници во локалитетот по поглед на светлотехничките параметри се класифицираат во следните класи:

- класа"В-2", споредни, локални
- класа "В", паркинг простори

За овие класи на сообраќајници се препорачуваат следните светлотехнички параметри.

"В-2" (С)

- сјаност на коловозот Lm=1-1,5 cd/m2
- средна погонска осветленост Esr=15-25 Lx
- просечна рамномерност jr=40%
- висина на монтажа на светилките H=8m
- светлосен извор VTFE-250W
- начин на поставување еднореден

"В" - паркинг простори

- средна погонска осветленост Eyg = 10-20 Eh
- просечна рамномерност jr = 25 %
- висина на монтажа на светилките N= 8(10) (m)
- светлосен извор VTFE - 250 W
- начин на поставување двореден (еднореден)

Телефонска мрежа

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучоци, од првостепено значење е намената на објектите. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе према принципот стан-телефон и за останатите функции бројот на телефонски приклучоци треба да се врши според нивната големина, бројот на вработени, нивната функција и слични критериуми.

Од ова произлегува дека во локалитетот е потребно да се обезбедат 35 телефонски приклучоци за домувањето.

Постојната телефонска мрежа која е претежно изведена со подземни телефонски водови ке ги задоволи потребите за нови фиксни телефонски приклучоци.. Поврзувањето на телефонски потрошувачи ќе се изведе во склад со развојните програми на Македонски телекомуникации.

4.1.7. Економско образложение

Економското образложение за начинот, одемот и динамиката на финансирање на реализација на планското решение на Измена и дополна на Детален урбанистички план Бутел 2 (Урбана единица 35), Општина Бутел, ги опфаќа сите трошоци за планирање, уредување на замјиштето за изградба на објектите, инфраструктурните системи и партерно уредување.

Економското образложение произлегува од реалната состојба на објектите на терен, планските одредби од ГУП на град Скопје и планското решение.

Планот предвидува 7797 м^2 вкупно изградена површина, со основна класа на намена домување во станбени куќи. Во споредба со постојната изградена површина од 3116 м^2 се гледа дека во планското решение имаме поголема искористеност на земјиштето со што се добива повеќе комуналии за општината, а со уредувањето на комуналниот систем ќе се овозможи поголем квалитет, односно повисок стандард на живеење за жителите во непосредната околина и пошироко. Обемот и динамиката на планското решение ќе го дефинира Општината според интересот и можностите за финансирање.

Домување во станбени куќи се планира со вкупна површина под градба од 2623м^2 и вкупна бруто развиена површина од 7797 м^2

4.1.8. Општи услови за изградба

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на Деталниот урбанистичкиот план, односно за изготвување на извод од урбанистички план, услови за изработка на архитектонско урбанистички проекти и издавање на решение за локациски услови.

1. Општите услови и графичките прилози се составен дел на Планот и имаат правно дејности само врз градителска активност која ќе следи по стапување во сила на Деталниот урбанистички план.
2. Објектите кои се изградени се евидентирани на ажурирани геодетски подлоги во Документационата основа на планот, се третираат како постојна состојба.
3. Општите услови се применуваат во рамките на утврдената граница на планскиот опфат, а посебните услови се однесуваат на урбан дел и градежна парцела поединечно.
4. Надградби и доградби на постојните заеднички станбени објекти може да се реализираат само по добиено мислење од компетентна институција дека постојниот односно реконструираниот конструктивен систем на објектот може да издржи таква надградба.
5. Во домувањето во заедничките станбени објекти може да се предвиди деловен простор за трговски, занаетчиски, угостителски, интелектуални и други дејности според потребите на корисниците (функции кои не го загадуваат просторот).
6. Во табеларниот приказ што е составен дел на посебните услови за изградба,прикажани се сите градежни парцели групирани по урбани делови и дефинирани со:
    - број на градежна парцела;
    - површина на градежна парцела (м2)
    - површина за градење (м2)
    - процент на изграденост (%);
    - вкупна површина по катови (м2)
    - коефициент на искористеност (К);
    - намена на земјиштето и градбите;
    - мах. висина на градбата (м’);
    - мах. број на катови;
    - потребен број на паркинг места.

Сите овие одредби се одредени согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, бр. 142/10).

7. Со планот се одредени следните услови:
    - облик и големина на градежна парцела (м2);
    - градежни линии кои го дефинираат просторот во кој може да се гради;
    - површина за градба во која може да се развие основата на објектот (м2);
    - процент на изграденост (%);
    - вкупна површина по катови (м2);
    - коефициент на искористеност (к);
    - намена на објектот;
    - мах.висина на објектот од нулта кота на заштитниот тротоар-мах.висина
    - на венец (м’);
    - мах.број на катови;
    - врста на кров;
    - насоки за архитектонско обликување;
    - паркирање-гаражирање на возилата.
8. Паркирање – гаражирање на моторни возила да се реши во рамките на парцелите ако поинаку не е образложено.

- Во урбанистичка парцела со постоен објект, со изведена гаража во објектот, гаражирањето е во истата, а за новопланираната надградба паркирањето да се обезбеди во рамките на парцелата.
- Во урбанистичка парцела со постоен објект, со интервенција на истиот (доградба и надградба) според условите да се обезбеди гаражирање во новата површина за градба или во склоп на парцелата, зависно од условите.
- Во урбанистичка парцела со новопланиран објект, паркирањето – гаражирањето да се обезбеди во склоп со објектот (во подрумско или приземно ниво) во зависност од условите.

9. Архитектонското обликување на објектите зависи од намената и функцијата. За компонирање на фасадите максимално да се почитува индивидуалноста на сопственикот и креативнсота на архитектот.
10. Градежната линија се спроведува со дозволени пречекорувања од страна на издадените елементи од архитектонската пластика на градбите.
11. Кога градежната линија се совпаѓа со границата на градежната парцела со соседот не се дозволени пречекорувања на градежната линија со ниту еден вид архитектонски издатини.
12. Доколку градежната линија се совпаѓа со регулационата линија, дозволени пречекорувања се:

-првиот скалник од влезните партии до 30 см ако ширината на тротоарот е поголема од 2,00 см,

-првостепена пластика во која спаѓаат: ризалити, влезни партии, конструктивни столбови, вертикални комуникации и други издадени делови на архитектонската основа до 30 см ако широчината на тротоарот е поголема од 2,00 м,

-второстепена пластика во која спаѓаат: еркери, балкони, конзоли, стреи, брисолеи и др. кои се појавуваат помеѓу првиот спрат и горниот венец до 90 см длабочина за уличен коридор широк до 12 м и до 7,5% од широчината на коридорот, но не повеќе од 1,50 м длабочина. Елементите на второстепената архитектонска пластика не се појавуваат на фасадата на градбата најмалку 3,60 м над котата на тротоарот,

-третостепена пластика во која спаѓаат: пиластри, корнизи, подпрозорници, венци и друга плитка архитектонска пластика до 30 см.

13. Кога површините за градење од страната на градежната парцела се на растојание од 3 м и помало не се дозволени пречекорувања на градежната линија со прво и второ степена пластика.
14. Бруто развиената површина за градба е презентирана без површината од можни галерии, конзоли и сл.
15. Процентот од вкупната должина или површина од фасадата кој може да го зафати одреден тип архитектонска пластика, да изнесува до 70 % од површината на фасадата.
16. Минималното растојание на второстепената пластика од соседот при калканско спојување на соседните градби треба да изнесува најмалку 10% од должината на уличната фасада на објектот, но не помалку од изведеното конзолно или еркерно пречекорување. Забараната за испуштање елементи од второстепена пластика во зоната на калканско поврзување на објектите не се однесува на објекти кои се градат на повеќе здружени парцели ниту пак за оние за кои постои согласност помеѓу соседите.
17. Доколку градежната линија е кон дното на градежната парцела дозволените пречекорувања на најистурениот дел на објектот, до границата на соседните

урбанистички парцели треба да изнесува најмалку една четвртина од висината на објектот, но не помалку од 1,2м.

18. Максимална височина на градбата се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата за онаа страна од површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела. Доколку тротоарот долж лицето на парцелата е во пад, максималната височина се одредува од висинската кота на тротоарот во средината на страната на градбата долж падот на теренот.
19. Висината на венецот дадена на графичкиот прилог и табелите за нумерички показатели е максимална. Максималната висина на објектите изразена во должни метри се определува од нивото на нивелетата на тротоарот односно сообраќајницата или пристапната патека до завршниот венец на објектот.
20. Котата на нулта точка е висинска кота на плочата на приземјето на објектот во однос на котата на нивелетата на заштитниот тротоар и не се дозволува нејзино поместување.
21. Во архитектонското обликување на објектите покрај наменските, функционалните, климатските, геомеханичките, сеизмичките, и другите микролокациски услови, треба да води сметка за специфичностите на прирачните градежни материјали и традиционалните вредности и културата во градењето. Покрај императивните услови кои произлегуваат од дозволените граници на изградба, во компонирање на фасадите треба да се тежнее кон нивно максимално усогласување со соседните објекти со композициските линии на соседите, но сепак со максимално почитување на индивидуалноста на сопственикот и креативноста на архитектот.
22. Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената на истиот. Максималниот агол на кровната конструкција во однос на вертикалната рамнина на фасадниот ѕид изнесува 60^0 но не повеќе од 4,5 м висина на слеме.
23. Површините наменети во ДУП за движење на пешаци, секаде каде е тоа можно според конфигурацијата на теренот да бидат континуирани, без скали и со подолжен наклон од 8,33 %, а во спротивно до скалите да се предвиди и рампа со истиот наклон.
24. Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормално одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес како јавно осветлување, градски часовници, табли со имиња на улиците и сл.
25. Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на планскиот опфат.
26. Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на управата на општината. Локациите мора да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите а уредени во согласност со оној што ќе го евакуира ѓубрето во регионална односно општинска депонија.
27. Содржината во текстуалниот и графичкиот дел од овој план преставува солидна основа за издавање на Решение за локациски услови за градба.

При примена на планските решенија на Измена и дополна на Детален урбанистички план Бутел 2 (Урбана единица 35), Општина Бутел, за плански период од 2010-2015 год. за што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.142/10).

4.1.9. Посебни услови за изградба

Планскиот опфат на Измена и дополна на Детален урбанистички план Бутел 2 (Урбана единица 35), Општина Бутел, е составен од еден урбан дел со вкупно 20 градежни парцели со следната намена:

18 парцели се со намена А1-домување во станбени куќи

2 парцели со намена Е2-комунална супраструктура.

Урбан дел 1

Намена: А1-домување во станбени куќи, Д2-заштитно зеленило и Е2-комунална супраструктура**.**

Намена: А1-домување во станбени куќи

Компатибилни класи на намени:

-Б1-мали комерцијални и деловни единици, со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 30%

-В1- образование, со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 10%

Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилни класи на намена во однос на основната класа на намена изнесува 30% од бруто развиената површина.

Намена: Д2- заштитно зеленило

Компатабилни класи на намени: не се предвидува

Намена: Е2- комунална супраструктура

Компатабилни класи на намени: не се предвидува

Природа на зафат:

- на парцелите 1.5 и 1.7 се предвидува надградба
- на парцелите 1.1, 1.2, 1.3, 1.4, 1.6, 1.8, 1.9, 1.11, 1.12, 1.13, 1.14, 1.15, 1.16, 1.17, 1.18 и 1.19 се предвидува доградба и надградба
- на парцелата 1.10 се задржува постојната трафостаница 10/0,4 кВ
- на парцелата 1.20 се планира трафостаница 10/0,4 кВ
- Во потпокривот може да се користи само една спратна висина и таа површина се третира рамноправно како и другиот корисен простор по спратовите.
- Бруто развиената површина за градба е презентирана без површината од можни галерии, конзоли и сл.

Градежна парцела 1.1

Намена: А1- домување во станбена куќа

Парцелација: дооформување на постојна катастарска парцела

Природа на зафат: се предвидува доградба и надградба. Растојанието од соседната парцела за планираната доградба е согласно член 40 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (сл. Весник на РМ бр.78/06 и 140/07).

Висина на венец: 10,20м

Број на катови: П+2+Пк

Паркирање: 13 паркинг места.

Паркирањето да се реши во рамки на сопствена парцела со почитување на потребен број паркинг места како основен услов за изградба до

максимално дозволената висина и површина за градба. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.142/10).
Пристапот за моторни возила во ГП 1.1 е од ул.Рокомија

Градежна парцела 1.2
Намена: А1- домување во станбена куќа
Парцелација: дооформување на постојна катастарска парцела
Природа на зафат: се предвидува доградба и надградба. Растојанието од соседната парцела за планираната доградба е согласно член 40 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (сл. Весник на РМ бр.78/06 и 140/07).
Висина на венец: 10,20м
Број на катови: П+2+Пк
Паркирање: 5 паркинг места.
Паркирањето да се реши во рамки на сопствена парцела со почитување на потребен број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.142/10).

Градежна парцела 1.3
Намена: А1- домување во станбена куќа
Парцелација: дооформување на постојна катастарска парцела
Природа на зафат: се предвидува доградба и надградба. Растојанието од соседната парцела за планираната доградба е согласно член 40 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (сл. Весник на РМ бр.78/06 и 140/07).
Висина на венец: 10,20м
Број на катови: П+2+Пк
Паркирање: 5 паркинг места.
Паркирањето да се реши во рамки на сопствена парцела со почитување на потребен број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.142/10).

Градежна парцела 1.4
Намена: А1- домување во станбена куќа
Парцелација: дооформување на постојна катастарска парцела
Природа на зафат: се предвидува доградба и надградба. Растојанието од соседната парцела за планираната доградба е согласно член 40 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (сл. Весник на РМ бр.78/06 и 140/07).
Висина на венец: 10,20м
Број на катови: П+2+Пк
Паркирање: 5 паркинг места.
Паркирањето да се реши во рамки на сопствена парцела со почитување на потребен број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. Потребниот број

на паркинг места ќе се определи согласно согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.142/10).

Градежна парцела 1.5
Намена: А1- домување во станбена куќа
Парцелација: дооформување на постојна катастарска парцела
Природа на зафат: се предвидува надградба. Растојанието од соседната парцела за планираната доградба е согласно член 40 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (сл. Весник на РМ бр.78/06 и 140/07).
Висина на венец: 10,20м
Број на катови: П+2+Пк
Паркирање: 5 паркинг места.
Паркирањето да се реши во рамки на сопствена парцела со почитување на потребен број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.142/10).

Градежна парцела 1.6
Намена: А1- домување во станбена куќа
Парцелација: дооформување на постојна катастарска парцела
Природа на зафат: се предвидува доградба и надградба. Растојанието од соседната парцела за планираната доградба е согласно член 40 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (сл. Весник на РМ бр.78/06 и 140/07).
Висина на венец: 10,20м
Број на катови: П+2+Пк
Паркирање: 5 паркинг места.
Паркирањето да се реши во рамки на сопствена парцела со почитување на потребен број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.142/10).

Градежна парцела 1.7
Намена: А1- домување во станбена куќа
Парцелација: дооформување на постојна катастарска парцела
Природа на зафат: се предвидува надградба. Растојанието од соседната парцела за планираната доградба е согласно член 40 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (сл. Весник на РМ бр.78/06 и 140/07).
Висина на венец: 10,20м
Број на катови: П+2+Пк
Паркирање: 5 паркинг места.
Паркирањето да се реши во рамки на сопствена парцела со почитување на потребен број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно согласно член 61 од

Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.142/10).

Градежна парцела 1.8
Намена: А1- домување во станбена куќа
Парцелација: дооформување на постојна катастарска парцела
Природа на зафат: се предвидува доградба и надградба. Растојанието од соседната парцела за планираната доградба е согласно член 40 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (сл. Весник на РМ бр.78/06 и 140/07).
Висина на венец: 10,20м
Број на катови: П+2+Пк
Паркирање: 5 паркинг места.
Паркирањето да се реши во рамки на сопствена парцела со почитување на потребен број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.142/10).

Градежна парцела 1.9
Намена: А1- домување во станбена куќа
Парцелација: дооформување на постојна катастарска парцела
Природа на зафат: се предвидува доградба и надградба. Растојанието од соседната парцела за планираната доградба е согласно член 40 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (сл. Весник на РМ бр.78/06 и 140/07).
Висина на венец: 10,20м
Број на катови: П+2+Пк
Паркирање: 5 паркинг места.
Паркирањето да се реши во рамки на сопствена парцела со почитување на потребен број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.142/10).

Градежна парцела 1.10
Намена: Е2- комунална супраструктура
Парцелација: оформување на нова градежна парцела
Природа на зафат: Постојна трафостаница 10/0,4 кВ

Градежна парцела 1.11
Намена: А1- домување во станбена куќа
Парцелација: дооформување на постојна катастарска парцела
Природа на зафат: се предвидува доградба и надградба. Растојанието од соседната парцела за планираната доградба е согласно член 40 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (сл. Весник на РМ бр.78/06 и 140/07).
Висина на венец: 10,20м
Број на катови: П+2+Пк
Паркирање: 4 паркинг места.

Паркирањето да се реши во рамки на сопствена парцела со почитување на потребен број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.142/10).

Градежна парцела 1.12
Намена: А1- домување во станбена куќа
Парцелација: дооформување на постојна катастарска парцела
Природа на зафат: се предвидува доградба и надградба. Растојанието од соседната парцела за планираната доградба е согласно член 40 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (сл. Весник на РМ бр.78/06 и 140/07).
Висина на венец: 10,20м
Број на катови: П+2+Пк
Паркирање: 5 паркинг места.
Паркирањето да се реши во рамки на сопствена парцела со почитување на потребен број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.142/10).

Градежна парцела 1.13
Намена: А1- домување во станбена куќа
Парцелација: дооформување на постојна катастарска парцела
Природа на зафат: се предвидува доградба и надградба. Растојанието од соседната парцела за планираната доградба е согласно член 40 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (сл. Весник на РМ бр.78/06 и 140/07).
Висина на венец: 10,20м
Број на катови: П+2+Пк
Паркирање: 5 паркинг места.
Паркирањето да се реши во рамки на сопствена парцела со почитување на потребен број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.142/10).

Градежна парцела 1.14
Намена: А1- домување во станбена куќа
Парцелација: дооформување на постојна катастарска парцела
Природа на зафат: се предвидува доградба и надградба. Растојанието од соседната парцела за планираната доградба е согласно член 40 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (сл. Весник на РМ бр.78/06 и 140/07).
Висина на венец: 10,20м
Број на катови: П+2+Пк
Паркирање: 5 паркинг места.
Паркирањето да се реши во рамки на сопствена парцела со почитување на потребен број паркинг места како основен услов за изградба до

максимално дозволената висина и површина за градба. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.142/10).

Градежна парцела 1.15
Намена: А1- домување во станбена куќа
Парцелација: дооформување на постојна катастарска парцела
